# СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
# „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“
# ВАЛАНДОВО



# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА

# СОДРЖИНА


1. Вовед-----------------------------------------------------------------------------------------------3
2. Услови за работа и организација на работата-------------------------------------------3
3. Ученици-------------------------------------------------------------------------------------------4
4. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО
4.1.Стручно усовршување на наставниот кадар за современи методи и техники во наставата и примена ИКТ алатки и содржини.----------------------------------6
4.2. Примена на современи и активни методи и техники во наставата---------6
4.3. Вклученост на родителите во училишните активности-------------------------7
4.4. Интензивирање и унапредување на соработката со бизнис секторот-----8
4. 5. Подобрување на инфраструктура во училишната економија----------------------9
5. ПОСТИГНАТ УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ-------------------------------------------------9
7. ПОВЕДЕНИЕ НА УЧЕНИЦИТЕ-----------------------------------------------------------12
8. ОСИПАНОСТ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ТЕКОТ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА--------------12
9. СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ ------------------------------------12
10 . РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДРУГА НАСТАВА------------------------------------------------17
11. ВОННАСТАВНИ ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ АКТИВНОСТИ------------------------17
12. УЧЕСТВО НА НАТПРЕВАРИ---------------------------------------------------------------18
13. ЈАВНА И КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ-----------------------------------------------------------20
14. СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА-------------------------------------------------23
15. ЕСКУРЗИИ--------------------------------------------------------------------------------------24
16. ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ И СЛОБОДНИ ЧАСОВИ ---------------------------------24
17. СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ ----------------------------------------------------------25
18. Промовирање на училиштето пред деветтоодделенците-------------26
19. Извештај за работата на училишниот педагог-------------------------------------------28
20. Извештај за работата на специјалниот едукатор и рехабилитатор------------------30
21. Извештај за работата на стручните актив
*20.1 Стручен актив по македонски јазик и литература--------------------------35*
*20.2 Стручниот актив по странски јазици-------------------------------------------36*
*20.3 Природно-математичкиот стручен актив-------------------------------------37*
*20.4 Стручниот актив по „Спорт и спортски активности” -------------------38*
20.5 *Стручен актив на Земјоделско-ветернарна струка------------------------39*
*20.6. Стручен актив по општествени предмети------------------------------------40*
21. Извештај од работата на Училишниот Инклузивен Тим---------------------------------41
22. Извештај за работата на Училишниот одбор при СОУ „Гоце Делчев“ –----------42
23. ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА-------------------------------------------------------43
24. Извештај за реализирани проекти----------------------------------------------------------44
25. МИО активности во училиштето ------------------------------------------------------------44
26. Работата на ЕКО-одбор при училиштето -------------------------------------------------46
27. Прилози

# 1. Вовед

Цел на овој извештај е да ја прикаже работата и постигнатите резултати во воспитно-образовниот процес во учебната 2021/2022 година.

Составен дел се и табелите кои се во прилог и преку кои може да се направи поцелосен увид во постигнатиот успех на учениците во совладувањето на редовната настава, направените изостаноци, поведението на учениците, бројната состојба на учениците, преку кои можат да се прават разни анализи.

Постигнатиот успех на учениците во совладувањето на редовната наставна програма е анализиран исклучиво преку оценките на учениците што ги добиле по по одделните наставни предмети на крајот од учебната година, односно преку средната оценка на наставните предмети, паралелки, наставни години, струки и насоки и на ниво на училиште. Преку средната оценка по по одделни наставни предмети се изразува и степенот на совладаноста на наставната програма.

Во извештајот се обработени и условите во кои се реализирани поодделните делови од воспитно- образовниот процес, бројот на учениците, резултатите постигнати во различни воспитно - образовни активности, работата на стручните и управните органи во училиштето.

# 2. УСЛОВИ ЗА РАБОТА И ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТА

Средното општинско училиште,, Гоце Делчев" Валандово , со седиште на ул. „Првомајска" бр. 3, е воспитно- образовна институција и работи како јавно училиште. Истото е составен дел на воспитно-образовниот систем на средното образование во Република Северна Македонија. Училиштето ја организира и реализира работата настојувајќи што поуспешно да ги задоволи интересите и желбите на учениците за стекнување на средно гимназиско образование и стручно образование со четири годишно школување: Земјоделство, рибарство и ветеринарство, Здравство и социјална заштита и машинство.

Во училиштето во текот на годината беа реализирани бројни форми на воннаставна работа со учениците со кои се правеа напори за изградба на слободно развиени личности. Преку севкупната работа во училиштето учениците како млади луѓе се воспитуваа, образуваа и оспособуваа за понатамошно образование, самообразование и за вклучување во работните процеси.

Воспитно- образовниот процес се одвивање во училишна зграда која, со корисна површина од 3223 $м^2$ , и наставата е кабинетска. Училиштето располага со сопствени отворени спортски терени од 4.000 $м^2$ и спортска сала.

Загревањето на училишната зграда се вршеше преку сопственото централно греење кое како гориво троши нафта, а снабдувањето беше редовно

Редовниот наставно -воспитен процес започна на 01. 10. 2021 година и првото полугодие заврши на 30.12. 2021 год. Второто полугодие започна на 01.02.2022 година. Наставната година за учениците од завршната година заврши на 20.05.2022

година  а  за прва, втора и трета година заврши на 09.06.2022 год.  Наставно - воспитниот процес се одвива според Годишната програма за работа на училиштето.

Редовната настава беше организирана во петдневна работна недела се одвива во една смена со почеток во 7,30 часот.

Во реализирањето на редовниот наставно-воспитен процес беа вклучени 35 наставници, со соодветно високо образование.

Во одделението за стручна служба се вклучени педагог и специјален едукатор и рехабилитатор.

Реализирање на административно - техничките работи во училиштето ги извршуваат 7 лица;

Водењето на педагошката документација се одвивање во најдобар ред. Дневниците за работа беа навреме дистрибуирани. Предметните наставници навреме извршија планирање за реализирање на наставните програми. Раководителите на паралелките навреме изработија програми за работа. Предметните наставници на почетокот на годината ги планираа писмените работи. Беше извршено анкетирање на учениците за избор на проектни активности.

На крајот од првиот и третиот класификационен период, како и на крајот од првото полугодие на учениците им беа дадени евидентни листови во кои се внесени информации за постигнатиот успех по наставни предмети, изостаноци и поведението на учениците.

На крајот на наставната година на сите ученици што со успех ја завршија годината им беа дадени свидетелства за завршена година.

Во текот на годината, согласно законските одредби и годишната програма за работа на училиштето, беа изведувани: редовни испити што ги полагаа вонредните ученици, поправни и дополнителни испити.

По завршувањето на завршната година, учениците од четврта година од гимназиско образование и земјоделско-ветеринарната струка полагаа државна матура, училишна матура и завршен испит.

## 3. У Ч Е Н И Ц И

Во училиштето на крајот на наставната година евидентирани се 194 редовни ученици.

Вкупниот број на ученици во гимназиската насока изнесуваше 98, во земјоделско-ветеринарната струка во четирите години се школуваа 75 ученици, во машинска струка 16 ученици и во здравствена струка 5 ученика.

Според наставните програми што ги изучуваа учениците бројот е следниот:

**ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ:**

- I година: гимназиско образование,19 ученици;
- II година: гимназиско образование 31 ученици;
- III година: 19 ученици;
    - општествено - хуманистичко подрачје 12 ученици;
    - природно - математичко подрачје 7 ученици;
- IV година: 29 ученици;
    - општествено хуманистичко подрачје 20 ученици
    - природно - математичко подрачје 9 ученици;

**ЗЕМЈОДЕЛСКО-ВЕТЕРИНАРНА СТРУКА:**

- I година: - Агротехничар, 7 ученици;
  - Техничар за фитомедицина, 6 ученици;
- II година: - Агротехничар, 12 ученици;
  -Техничар за фитомедицина 9 ученици;
- III година: - Агротехничар, 10 ученици;
  - техничар за фитомедицина, 9 ученици
  - IV година: - лозаро-винарски техничар 9 ученици
  - техничар за фармерско производство, 13 ученици;

Во прва година се школуваа 53 ученици поделени во 4 паралелки од кои 1 гимназииска паралелка, 1 во паралелка секторот Земјоделство, рибарство и ветеринарство, 1 паралелка секторот Машинство и 1 паралелка во секторот Здравство и социјална заштита .

Во втора година се школуваа 52 ученици поделени во 4 паралелки од кои 2 гимназиско и 2 земјоделско-ветеринарната струка/ сектор земјоделство, рибарство и ветеринарство.

Во трета година се школуваа 38 ученици во 4 паралелки од кои 2 во гимназиско образование и 2 во земјоделско-ветеринарната струка/ сектор Земјоделство, рибарство и ветеринарство.

Во четврта година се школуваа 52 ученици во 4 паралелки од кои 2 во гимназиско образование и 2 во земјоделско-ветеринарната струка.

Следењето, поттикнувањето и оценувањето на резултатите на учениците беше составен дел и континуиран процес на севкупниот воспитно - образовен процес.

Запишувањето на учениците во прва година на учебната 2022/2023 година се спроведе согласно конкурсот објавен од Министерството за образование и се одвиваше за прв пат по електронски пат. Учениците сами се пријавуваа и ги доставуваа докментацјата на увид во училиштето. Критериумите за избор на учениците беа исти како и минатата година со вметнување на бодови од поведение и освоени награди на републички натпревари. Рангирањето на пријавените кандидати се вршеше исклучиво врз основа на постигнатиот успех во основното образование од шесто до деветто одделение. За да се излезе во пресрет на учениците кои немаат можност за електронско пријавување, во училиштето се формираа пунктови каде членови од уписната комисија им помагаа на учениците за упис во прва година средно образование.

Оваа година беше распишан конкурс за запишување на 4 паралелки: 1 паралелка гимназиско образование, 1 паралелка земјоделско-ветеринарна струка со 2 профила –агротехничар и техничар за фитомедицина, 1 паралелка машинска струка- техничар за компјутерско управување и 1 паралелка здравствена струка-дентален асистент.

Запишувањето на учениците се вршеше преку електронски пат на 14 и 15 јуни- прв уписен рок, 21 и 22 јуни втор уписен рок и 28 јуни трет уписен рок.

Запишувањето на учениците во втора, трета и четврта година ќе се врши со почетокот на следната 2022/23 година.

Образовната практика беше реализирана согласно планираното. Реализирањето на наставните содржини се реализираше со физичко присуство без

кабинетска настава. Наставниците заедно со стручната служба и директорката направија напори да ги вклучат сите ученици во наставата. По насоки на министерството дел од учениците имаа можност да изберат онлајн настава со доставување на барање на родителот. Еден ученик со ПОП следеше онлајн настава цела учебна година за што училиштето му овозможи таблет за таа намена. Еден ученик со ПОП следеше настава со достава на изготвени материјали и 5 ученици делумно следеа онлајн настава само во одреден период кога беа во изолација, ковид болни или имаа хируршки зафат со подолг рехабилитационен период.

# 4. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО

ПОДРАЧЈА НА ПРОМЕНИ И ПРИОРИТЕТИ

За учебната 2021/22 година беа планирани следните приоритети:

1. Стручно усовршување на наставниот кадар за современи методи и техники во наставата и примена ИКТ алатки и содржини.

2. Примена на современи и активни методи и техники во наставата

3. Вклученост на родителите во училишните активности .

4. Интензивирање и унапредување на соработката со бизнис секторот.

5. Подобрување на инфраструктура во училишната економија.

### 4.1. Стручно усовршување на наставниот кадар за современи методи и техники во наставата и примена ИКТ алатки и содржини.

Наставниот кадар континуирано се едуцираше, надоградуваше и стручно усовршуваше во текот на целата уебна година. Акцент се стави на обуки за современи методи и техники во наставата и примена на ИКТ алатки и содржини. Сите обуки на кои присуствуваа нашите наставници се презентирани во табелата подолу во точка 9. Стручно усовршување на наставниците.

## 4.2. Примена на современи и активни методи и техники во наставата

На почетокот на учебната година речиси сите наставниците имаа можност да

ја посетат обуката која беше реализрана во училиштето на тема новата улога на наставникот и новите стратегии во поучувањето и учењето. Дел од наставниците имаат посетувано обука на оваа тематика. Во текот на наставната година наставниците преку тематските и дневните оперативни планови ја планираа работата на часот и примената на техниките во наставата. Оваа учебна година наставата се изведуваше во училници што значи дека  не беше применуван кабинетскиот тип на настава заради примена на мерките за заштита од корона вирусот во средните училишта. Некои од методите и техниките беа прилагодувани на таквиот вид на настава имајќи го во предвид здравјето на учениците и наставниците.

Врз основа на планирањата на наставниците, од посетите на часови и следењето на наставата направена е кратката евалуација на приемна на методи и техники во наставата. Според тоа може а се каже дека од методите во најголем број се застапени методот на разговор, истражувачкиот метод, дискусија, монолошко-дијалошки, метод на практична настава, итн. Секако дека примената на овие и останатите методи ќе бие актуелно и во наредните учебни години со нормализирање на условите за работа на часовите со учениците. Користени се и многубројни наставни техники во зависност од наставниот предмет и типот на часот. Од нив би ги издвоиле: бура на идеи, мисловна мапа, ЗСНУ, дебата, мрежа на дискусија, грозд техниката, коцка итн.

Примената на активни методи и техники во наставата останува како битен елемент во пренесувањето на знаењата на учениците на кој ќе обратиме внимание и во наредната учебна година.

## 4.3. Вклученост на родителите во училишните активности

Работна група составена од пет родитела на ученици  од втора ,трета и четврта година.Оддржани состаноци три.

На состаноците со претходно утврден дневен ред беа дискутирани многу прашања кои го засегнуваа и текот на образовниот процес и редовноста како и успехот на учениците од оваа училиште,заедно со нивното размислување како сето тоа да се подобри.

Иако не секогаш беа присутни сите родители(кои без кои со оправдано отсуство),сепак имаше присутни родители со кои се водеше разговор и се доаѓаше до некои согледувања.

По долгата година и половина онлајн настава,на прашањето за тоа дали е постигнато солидно ниво на успех сите родители беа едногласни дека децата изгубиле еден добар дел од учебната навика и потенцираа дека во рамките на наставата би требало повеке да се обрне внимание на повторното привикнување и стекнување навики за учење,активно учествување во наставата и повнимателно следење на материјалот.Сето тоа тие сметаат дека ќе се подобри со поголемо ангажирање на децата во различни партиципирања во групни активности,пребарувања ,вршење на истражувања,активно учество во секаков вид на изработка на било какви проекти како и домашни изработки на разни теми од различни предмети.

Во врска со редовноста се сложија со нашите сугестии дека родителите

доволно не се заинтересирани за нивните деца и тоа во добар дел ниту за нивниот успех ниту за нивната присутност во училиштето.Како што рекоа ,можеби како решение ќе биде потребно да се работи на апел за повикување на родителите за поинтензивна соработка со училиштето и нивна присутност секојдневно во увидот на присутноста и успехот на нивните деца.Тоа ,тие рекоа дека можеби може да се постигне со почесто собирање на одредена група родители (секој пат различна група)повикани со уредна покана од страна на службата со информација која содржи неотповикливо нивно присуство(на.пример,група за дискусија за изработка било каква ракотворба, за презентирање било какви одбележувања на настани,група за мислење за штандови за храна,книги за читање,сопствени творби ,група за дискусија за начин за облекување со сопствени сугестии за тоа и сл. Се со цел постојано присуство на родители во училиштето и нивно запознавање на нештата на лице место.

Заклучокот на крај е дека мора некако да се врати значењето,поттикот и активната улога на родителите во образованието но и воспитувањето на нивните деца во училиштето.

Милка Каракотева

## 4. 4. Интензивирање и унапредување на соработката со бизнис секторот

Во учебната 2021/2022 година во склоп на наставните програми кои се модуларно дизајнирани во земјоделската струка се реализираше Наставниот предмет Учење преку работа. Учениците го совладуваа овој предмет и реализираа учење преку работа во работните простории на компаниите:

- ДЗПТУ ,,ЕКО ОРАНЖЕРИИ АНСКА РЕКА `` Валандово
- ДПТУ ,, ,,Дим – комерц ``Валандово
- ДПТУ ,,Пего агрофруит``с. Јосифово Валандово
- ДПТУ ,, Агромол Мицеви``с. Јосифово Валандово
- Магацин за откуп на земјоделски производи ,,Марјан Ринго``с. Брајковци

Во изминатава учебна година со компаниите од регионот, а не само од општината, се оствари соработка на еден нов начин. Заеднички аплицеравме на Фондот за регионален предизвик за добивање на средства за осовременување на опремата и компјутерска технологија во струките во училиштето. Компаниите кои не поддржаа во апликацијата се:

- ДПТ ,,Дојран стил`` Дојран,
- ДЗПТУ ,,ЕКО ОРАНЖЕРИИ АНСКА РЕКА `` Валандово,
- ДПТУ ,,Дим – комерц ``Валандово,
- ДПТУ ,,Пего агрофруит`` с. Јосифово Валандово,
- М.Д. Страиште Валандово,
- ,,Глобал трејд 89`` Богданци,
- ,,Хортена``Струмица, Фанси Корнер Цопанелис``Валандово,

Во периодот по завршувањето на наставата учениците од стручните паралелки реализираа феријална практика и тоа поединечно по струки е вака:

Учениците од сруката Зејоделство, рибарство и ветеринарство: Агротехничар и Техничар за фитомедицина реализираа феријална практика во компаниите:

- ДЗПТУ ,,ЕКО ОРАНЖЕРИИ АНСКА РЕКА `` Валандово,

- ДПТУ ,,Дим – комерц ``Валандово,
- ДПТУ ,,Пего агрофруит`` с. Јосифово Валандово
- ДПТУ ,, Агромол Мицеви`` с. Јосифово Валандово

Ученицте од струка Машинство: Техничар за компјутерско управување реализираа феријална практика во компанијата:

- М.Д. Страиште Валандово

Учениците од струката Здравство и социјална заштита: Дентален асистент реализираа феријална практика во:

- ЈЗУ Здравствен дом ,,Здравје``Валандово

## 4. 5. Подобрување на инфраструктура во училишната економија.

# 5. ПОСТИГНАТ УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ

Успешното реализирање на наставната програма, усвојувањето на знаења и постигнувањето на што повисок успех во сите делови на наставниот процес беше постојана грижа на секој предметен наставник како поединец, на раководителот на паралелката, директорот и посебно на стручните активи, како и на останатите стручни и управни органи. И во оваа учебна година за оваа цел посебно внимание беше посветено на планирањето и подготовката на воспитно- образовниот процес, на следењето и вреднувањето на знаењата на учениците и на соработката со родителите. Наставата се реализираше со примена на мерките за заштита од Корона со носење на заштитни маски од учениците и наставниците за време на часовите.

И во оваа учебна година дополнителната настава и консултациите се главната форма преку која на учениците со послаб успех наставниците им помагаа во поуспешното совладување на наставната програма .

Стручните органи: Советите на паралелките, Наставничкиот совет и стручните активи го разгледуваа текот на наставата и постигнатиот успех во секој класификационен период, притоа носеа и посебни заклучоци за подобрување на успехот на учениците. Оценувањето на знаењата на учениците се вршеше континуирано и од страна на сите наставници беше запазена обврската за најмалку две оценки за секое полугодие. Покрај усното проверување најголемиот број предметни наставници го применуваа тестот но и другите писмени форми на проверување на знаењата на учениците. Сепак останува сознанието дека на објективизирањето на знаењата на учениците мора постојано да се работи пред се со примена на разни писмени форми. Во оценувањето се користеа разновидн

форми на оценување

Просечниот успех nа учениците на ниво на училиште изнесува 3,50 и споредено со ланскиот бележиме зголемување за 0,16.

Просечниот успех nа учениците на ниво на училиште изнесува 3,58 и споредено со ланскиот бележиме зголемување за 0,08.

Во учебната **2021/2022** година во СОУ „Гоце Делчев“ Валандово се школуваа 194 ученици од кои 92 женски и 102 машки. Во гимназиско образование се опфатени 98 ученици, додека во земјоделско- ветеринрна струка опфатени се 75 ученици, во машинската струка 16 ученици и во здравствената струка 5 ученици.

Има вкупно 16 паралелки.

## I. Гимназија

**Во прва година** гимназија запишани се 19 ученици. Општштиот успех е следниот: 9 имаат постигнато одличен успех, 7 мн. Добри и 3 добри. Највисок среден успех има постигнато по ликовна уметност 4,89, музичка уметност 4,53, историја 4,47 итн. Најнизок успех бележиме кај англиски јазик 3,47,математика 3,63 , хемија 3,63 итн. Средниот успех изнесува 4,26 и споредени со ланскиот е зголемен за 0,28.

**Во втора година** гимназија во оваа учебна година се школуваат 31 ученик. Општиот успех на учениите е следниот: 10 одлични, 9 мн. добри, 7 добри и 5 доволни или 31 (100%) од учениците завршиле година во јуни. Највисок среден успех има постигнато по музичка уметност 4,24, спорт и спортски активности 4,15, етика 4,07, итн. Најнизок среден успех има по математика 3,35, хемија 3,49, ликовна уметност 3,62 итн. Средниот успех изнесува 3,81 и спореден со ланскиот е зголемен за 0,40.

**Во трета година** гимназија во оваа учебна година се школуваа 19 ученици. Средниот успех изнесува 3,40 и за 0,55 е намален споредено со минатата учебна година.

Во **општествено- хуманистичкото подрачје** опфатени се 12 ученици. Средниот успех на ова подрачје изнесува 2,85 и во споредба со ланскиот е намален за 0,86. Општиот успех е следниот: 2 одлични, 3 мн. добри, 5 добри и 2 доволни. Највисок успех има по вовед во право 3,80, етика 3,70, педагогија 3,50 итн. Најнизок по математика 2,40, физика 2,67, биологија 2,84 итн.

Во **природно-математичкото подрачје** од истата наставна година се опфатени 7 ученици. Средниот успех изнесува 3,75 и за 1,18 е намален во однос на лани. Општиот успех е следниот: 2 одлични, 3 мн. добри, 1 добар и 1 доволен. Највисок успех има по линеарна алгебра 4,50, алгебра 4,50 итн. Најнизок по латински јазик 3,00, географија 3,33 итн.

**Во четврта година** гимназија во оваа учебна година се школуваа 29 ученици. Средниот успех изнесува 4,11 и спореден со ланскиот е зголемен за 0,01.

Во **општествено-хиуманистичкото подрачје** опфатени се 20 ученици. Средниот успех во ова подрачје изнесува 3,77 и за 0,07 е намален во однос на лани. Општиот успех е следниот: 6 одлични, 8 мн.добри, 2 добри и 3 доволни. Највисок успех има по менаџмент и бизнис 4,75, економија 4,75 итн. Најнизок има по матемаатика 2,56, психологија 3,38, англиски јазик 3,66 итн.

Во **природно-математичкото подрачје** од истата наставна година се опфатени 9 ученици. Средниот успех изнесува 4,85 и за 0,02 е намален во однос на лани. Општиот успех е следниот: 9 одлични. Највисок успех има по предметите биологија, хемија, физика, математичка анализа,програмски јазици 5,00, итн.

Најнизок има по математика 4,29.

Во гимназииско образование општиот успех е следниот: 38 одлични, 29 мн.добри, 19 добри и 11 доволни или вкупно 97 (99%) од учениците во гимназија постигнале позитивен успех и 1 ученик има 1 недоволна оценка. Средниот успех во гимназиска насока изнесува 3,84 и спореден со ланскиот е намален за 0,08.

# I. ЗЕМЈОДЕЛСКО- ВЕТЕРИНАРНА СТРУКА

Во **прва година земјоделско-ветеринарна струка** се школуваат 13 ученици по наставните програми за образовениот профил/квалификација **агротехничар** и образовниот профил/квалификација **техничар за фитомедицина** . Го постигнале следниот општ успех: 4 мн. добри, 5 добри, 4 доволни или 13 (100%) ја завршиле годината. Средниот успех изнесува 2,98 и спореден со ланскиот е зголемен за 0,11. Највисок успех има постигнато по земјоделство,рибарство и ветеринарство 3,62, хигиена и безбедност на храна 3,54, агрометерологија 3,38 итн. Најнизок успех има постигнато по математика 2,54, англиски јазик 2,62, информатика 2,69 итн.

Во **втора година земјоделско-ветеринарна струка** се школуваат 21 ученици по наставните програми за образовениот профил/квалификација **агротехничар (2,52)** и образовниот профил/квалификација **техничар за фитомедицина (2,48 )**. Средниот успех изнесува 2,50 и за 0,55 е намален во однос на ланскиот период. Општиот успех на учениците е следниот: 3 мн. добри, 4 добри, 11 доволни или 18 ученици (85%) постигнале позитивен успех. Со 1 недоволна оценка е 1 ученик и 2 ученици повторуваат. Највисок среден успех е постигнат по предметите:спорт 3,69, англиски јазик 3,19, заштита на животната средина 3,00 итн. Најнизок среден успех има по агрохемија 2,25, македонски јазик 2,26 итн.

Во **трета година земјоделско-ветеринарна струка** се школуваат 19 ученици по наставните програми за образовениот профил/квалификација **агротехничар (3,10)** и образовниот профил/квалификација **техничар за фитомедицина (3,56)**. Средниот успех изнесува 3,33 и за 0,28 е зголемен во споредба со ланскиот. Општиот успех е следниот: 3 одлични, 5 мн.добри, 7 добри, 1 доволни или 16(84%) од учениците се без недоволни оценки. Со 1 недоволна оценка е 1 ученик, 1 полага испит на годината и 1 ученик повторува. Највисок успех и има по предметите: учење преку работа кај работодавач 4,02, организација на зем.аптеки, плевели кај зем.растенија, болести кај културните растенија 3,90 итн. Најнизок успех има по англиски јазик 2,70 итн.

Во **четврта година земјоделско-ветеринарна струка**, по наставните програми за Лозаро-винарски техничар **(3,78)** и образовен профил техничар за фармерско производство **( 3,60)** се школуваат 22 ученици. Средниот успех изнесува 3,69 и спореден со ланскиот е зголемен zа 0,44. Општиот успех е следниот: 5 одлични, 7 мн.добри, 7 добри 1 доволен или 20 (90%) се без недоволни оценки. Со 1 недоволна се 2 ученици. Највисок среден успех е постигнат по предметите: спорт 4,63, практична настава 4,55, градинарско производство 4,30 итн. Најнизок по англиски јазик 2,75, хемија 3,23 итн.

Во земјоделско- ветеринарна струка се школуваат 75 ученици, средниот успех изнесува 3,15 и спореден со ланскиот бележиме зголемување за **0,10**. Општиот успех е следниот: 8 одлични, 19 мн. добри, 23 добри, 17 доволни или вкупно 67 (89%) од учениците од земјоделско-ветеринарна струка се со позитивен успех, 4

имаат по 1 недоволна оценка, 1 ученик ќе полага испит на годината и 3 ученици повторуваат.

Во учебната 2021/22 година по завршувањето на поправните испити во јунската и авустовската испитна општиот успех на училиштето е следниот: 55 одлични, 53 мн.добри, 47 добри и 33 доволни, 6 ученици не зршиле година.

## 7. ПОВЕДЕНИЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

При определувањето на поведението на секој поединец главно влијание имаше постигнатиот успех во совладувањето на редовната настава и редовноста во следењето на истата.

Со цел педагошки да се влијае врз поведението на учениците и да се подобри состојбата, во текот на годината, согласно одредбите од Статутот на училиштето и според Упатството за начинот на изрекување на педагошки мерки, на учениците им беа изрекувани педагошки мерки заради недисциплина или неоправдано отсуство од настава.

Главно врз основа на постигнатиот успех и бројот на неоправданите изостаноци во текот на годината на крајот на годината како и според тоа дали на учениците имаат изречено некоја пеагошка мерка. Од вкупно 194 ученици 156 (81%) ученици имаат примерно поведение, 28 (15%) имаат добро поведение и 10 (4%) имаат незадоволително поведение.

## 8. ОСИПАНОСТ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ТЕКОТ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА

Во текот на учебната 2021/22 година од училиштето се отпишале 2 ученици.

## 9. СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ

| **Наставник и наставен предмет** | **Наслов на обуката** | **Место и време на одржување** | **организатор** | **Добиен сертифи кат** |
|---|---|---|---|---|
| **Сите наставници** | „Современии концепти на средно образование-новата улога на наставникот и новите стратегии | **01.12.2021г. СОУ Гоце Делчев Валандово** | ЦЕС академија, БРО | **да** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | на поучување и учење“ | | | |
| **Љубица Невеселова<br>Ташка Гетова<br>Ѓорги Прочков<br>Емилија Зафирова Петков<br>Васе Митев<br>Елизабета Чилевска Пандова<br>Ристе Стојанов<br>Тања Тунѓелова Кимова<br>Мила Дончева<br>Ангелина Занова<br>Васил Узунов<br>Стојан Манолев** | Професионален интегритет | **20-21 јуни 2022г.<br>Еуро Хотел Градче Кочани** | Здружение „Рубикон“ Скопје<br>С | **да** |
| **Емилија Зафирова Петков<br>Елизабета Чилевска Пандова<br>Ѓорги Прочков<br>Ташка Гетова** | Ерасмус К1 Обука за наставници „Музиката како мост помеѓу два света- нашиот и светот на децата со аутистчен спектар“ | 14 – 18 Март 2022г.<br>Птуј, Словенија | dr. Ljudevita Pivka Ptuj и “**Music center DO RE MI, Bled Словенија** | **да** |
| **Емилија Зафирова Петков<br>Елизабета Чилевска Пандова<br>Ѓорги Прочков<br>Ташка Гетова** | Ерасмус К1 Обука за наставници „Специјална едукација и аутизам: Како да се менаџира со предизвикувачко однесувањево училница- АБА тренинг“<br>11-15.04.2022 | 11-15.04.2022<br>Никозија, Кипар | STANDO LTD | **da** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Стојан Манолев** | Информативно советодавна средба со професорите по физика, во врска со ПИСА тестирање | Биро на образованието | 5.03.2022 вебинар | Слушател и **учесник со презентација** |
| | ,,Odgojni pristup prilagođen nastavi 21. stoljeća'' | Gimnazija KŠC Banja Luka | 7.03.2022 3PP (Tri pedagoška ponedjeljka - .вебинар | слушател |
| | „Univerzalni dizajn za učenje kao poligon za njegovanje darovitosti i talentiranosti“ - Sandra Bjelan-Guska | Gimnazija KŠC Banja Luka | 14.03.2022 3PP (Tri pedagoška ponedjeljka вебинар | слушател |
| | ,,Uloga kognicija u emocijama'' - Aleksandra Arsenijević Puhalo | Gimnazija KŠC Banja Luka | 21.3.2022 3PP (Tri pedagoška ponedjeljka вебинар | слушател |
| | Physical Aspects of Environment | Technical Faculty "Mihajlo Pupin", Zrenjanin & Faculty of Sciences and Mathematics, Nis | 31.03.- 2.04 2022, Зрењанин Србија, Онлајн конференција | Учество со труд: Some Experiences from the Implementation of the GLOBE Program in Secondary Education |
| | Учесници со видео содржини:(Chemical- medical school from Vrshac,Serbia), Greece (2nd high school from Florina) and Macedonia (High school “Panche Arsovski” from Skopje; High school“Bogdanci” – Bogdanci - GLOBE | СОУ „Гоце Делчев “ Валандово | 26.04.2022 Онлајн Меѓународна конференција посветена на Денот на планетата Земја | Организатор и предавач |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | School and elementary school “Hristo Uzunov” – Ohrid | | | |
| | Трета Меѓународна конфереција за образованието по математика, физика и сродни науки | ПМФ, Институт за физика и математика | 6-8 мај 2022 г, Скопје | предавач и слушател -Стојан Манолев: Термоелектричните ефекти, физички основи и нивната примена во наставата по физика |
| | ЕДУИНО ВЕБИНАР | Вовед во педагошки пристапи кон инклузивно, дигитално и комбинирано учење за сите ученици | May 17, 2022 06:00 PM | слушател |
| | | | | |
| | Центар за иновации и дигитална едукација, ДИГ-ЕД | „Мобилните апликации во СТЕ(А)М наставата“ | 17 и 18 јуни, 2022, Скопје, хотел Континентал Работилница | Слушател и активен учесник |
| | Француски културен центар и амбасада на Република Франција во Македонија | „Јазичноподобрувањезанаставници“ | 27 јуни до 1 јули 2022, Струга, хотел Дрим | слушател |
| | Europass Teacher Academy | Intensive English and Information and Communication Technologies (ICT) | 25 јули-5 август 2022, Florence, Италија | слушател |
| | GLOBE Macedonia, Министерство за животна средина и просторно планирање | Практична обука за ГЛОБЕ професори | 15-17 август 2022, Охрид | Предавач/обучувач АТМОСФЕРСКИ МЕРЕЊА |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Емилија Зафирова Петков | 1. Менаџирање на наставниот час.<br>2. Менаџирање на стресот кај наставниците и учениците за време на пандемијата<br>3. Разбирање на различностите кај учениците.<br>4.Настава насочена кон учениците. | Декември 2021 - март 2022 | Мировен корпус | сертификат |
| Даниел Марџиев | Internationalisation of VET systems in the Western Balkans | Од 4-8 април 2022 година, Дордрехт, Холандија | Intervet WB | сертификат |
| Ангелина Занова | Превртена училница | On-line 20.10.2022 | бро | да |
| | Оценување за време на хибридна настава | On-line 27.10.2022 | бро | да |
| | Интернационален пристап | On-line 11.11.2022 | бро | да |
| | Училишна клима и курикулум | On-line 2.12.2022 | бро | да |
| | Превенција и осипување на ученици од образовниот процес | On-line 15.12.2022 | бро | да |
| | Вовед во формативно оценување | On-line 10.05.2022 | бро | да |
| | Разновиднос во природните науки низ социјална инклузија | ПМФ-14.05.2022 | | |
| | Професионален интегритет | 06.2022 | | |
| | Глобално учење и набљудување во полза на животната средина | 30.06.2021 | Министерство за животна средина | да |
| | Превртена училница | On-line 20.10.2022 | бро | да |
| | | | | |

## 10 . РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДРУГА НАСТАВА

Покрај редовната настава во текот на учебната 2021/2022 година наставниците изведуваа и дополнителна настава за учениците кои не успеале да совладаат определен содржини во текот на редовната настава како и додатна настава за надарените ученици што воедно претставуваше и нивна подготовка за учество на натпревари. За дополнителната и додатната настава со измените на Законот за средно образование до 20 септември 2021 година беше изготвен распоред за одржување на истите. Одржани се вкупно 98 часови на дополнителна настава и 49 часа додатна настава.

## 11. ВОННАСТАВНИ ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ АКТИВНОСТИ

Воннаставните активности беа реализирани со примена на задолжителните Ковид мерки.

Училиштето беше презентирано на Саем за социјално претприемништво во Струмица со проектот Еко-фарма. Преку оваа можност тие директно учеа како да ги презентираат своите производи на пазарот на трудот, маркетинг и продажба како битни сегменти на еден успешен бизнис.

Тим од ученици беа учесници на Новогодишниот базар на центарот во градот.

Традиционално и оваа година учениците од земјоелско-ветеринарна струка со пригодна учествуваа во одбележувањето на денот на лозарите Св. Трифун на површините на училишната економија со традиционално закројување на лозјето .

По повод меѓународниот ден на франкофонијата, во училишниот хол беше одржан настан подготвен од учениците од СОУ „Гоце Делчев“ и ООУ „Јосип Броз Тито“ на кој присуствуваа ученици и вработени од училиштата, како и граѓани од општината.

По повод Велигденски празници, учениците од СОУ "Гоце Делчев" - Валандово беа присутни со свој продажен штанд на Градскиот пазар во Валандово.

Ученици присуствуваа и учествуваа во програмата во с. Башибос во делот на пролетните традиционални оoбичаи.

Пригодна програма учениците подготвија и презентираа при одбележувањето на пароният празник на училиштето .

## 12. УЧЕСТВО НА НАТПРЕВАРИ

Во текот на учебната 2021/2022 година нашите ученици учествуваа на неколкуопштински, регионални и републички натпревари

| | Вид на натпревар | Наставен предмет (дисциплина) | Ученици | Ментор | Место на одржување | Освоени награди и признанија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Општински (училиштен) натпревар | физика | Стојаноски Јордан поени, Коколанска Ивана, Павлов Александар, Петров Мартин и Гугуљанова Ивана | Стојан Манолев | 12.02.2022г, Валандово | Пласман за регионален натпревар |
| 2 | Регионален натпревар | физика | Стојаноски Јордан, Коколанска Ивана, Павлов Александар, Петров Мартин и Гугуљанова Ивана | Стојан Манолев | 02.04.2022г. Валандово | Пласман за републички натпревар |
| 3 | Републички натпревар | физика | Стојаноски Јордан, Коколанска Ивана, Павлов Александар, Петров Мартин и Гугуљанова Ивана | Стојан Манолев | 04.05.2022г, Скопје | |
| 4 | Меѓународен натпревар:„Уреди за кабинетот по физика“ од Софискиот клон на физичари, | физика | Стојаноски Јордан, Павлов Александар | Стојан Манолев | 4 јуни 2022г. Софија | ОСВОЕНО 1-ВО МЕСТО |
| 5 | Државен тракторски натпревар | Вешто управување на трактор | Шаип Реџепов | Ристе Стојанов | Свети Николе | трето место |
| 6 | Државен тракторски натпревар - | Калемење на овошки | Ефеџан Јонуз | Златко Јанчев | Свети Николе | трето место |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | Државен | Англиски јазик | Јордан Стојаноски | Милка Каракотева | 28.05. Скопје | петто место |
| 8 | Регионален | Англиски јазик | Јордан Стојаноски | Милка Каракотева | 07.05 Гевгелија | второ место |
| 9 | Општински | Англиски јазик | Јордан Стојаноски Ивана Коколанска | Милка Каракотева | 23. 04 Струмица | второ место |
| 10 | Општински натпревар | Математика | Ивана Коколанска | Даниел Марџиев | 19. 02. Валандово | III Место |
| 11 | Општински натпревар | Математика | Јордан Стојаноски | Даниел Марџиев | 19. 02. Валандово | III Место |
| 12 | Општински натпревар (Валандово) | Математика | Александар Павлов | Даниел Марџиев | 19. 02. Валандово | III Место |
| 13 | Регионален натпревар (Гевгелија) | Математика | Ивана Коколанска | Даниел Марџиев | 12.03 Гевгелија | Учество |
| 14 | Регионален натпревар (Гевгелија) | Математика | Александар Павлов | Даниел Марџиев | 12.03 Гевгелија | Учество |
| 15 | Регионален натпревар (Гевгелија) | Математика | Јордан Стојаноски | Даниел Марџиев | 12.03 Гевгелија | Учество |
| 16 | МАССУМ Образовно рандеву 2022 Велес | Училишен бенд | Ивана Коколанска Марина Јовановиќ Ева Кнежевиќ Патриција Петкова | Младен Костадинов | Мај 2022 Велес | прво место |
| 17 | **ЕКО(охо) (Trashnfasshin)** | **Биологија** | **Александар Павлов Надица Тошева Марина Јовановиќ** | | - | |
| 18 | **Општински ,регионален ,државен натпревар** | **Биологија** | **Милена Тодорова Матеа Стојчевска Ивана Коколанска Сања Георгиева Викторија Петрушева** | | - | - - |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| 19 | **Up Shift** | **Биологија** | **Теодора Димовска**<br>**Бобан Котевски**<br>**Викторија Петрушевска**<br>**Благица Андонова** | | | **-**<br>**120.000** |

## 13. ЈАВНА И КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ

Во функција на афирмација на училиштето, во однос на културната и јавната сфера се реализираа голем број посети, активности и работилници.
20. VIII 2021 г. – Градоначалникот на општина Валандово, г. Перо Костадинов ги прими најдобрите ученици-матуранти од СОУ „Гоце Делчев“. Ученик на генерацијата 2017/21 г. е Елена Гребенакова. Ученик со особен придонес во земјоделско-ветеринарната струка на генерацијата 2017/21 г. е Христијан Ристоманов.
20. IX 2021 г. – Училиштето го посети Министерката за образование и наука Мила Царовска во рамки на кампањата „Учи паметно, работи стручно“ која истакна дека во дијалогот со коморите на бизнис заедницата, со општините и училиштата, а со голема поддршка од Швајцарската амбасада преку „Учи паметно, работи стручно“ успеале да ги остварат целите кои ги имале поставено во насока на подобрување на средното стручно образование.
05. X 2021 г. - м-р Стојан Манолев, професор по физика во СОУ „Гоце Делчев“ беше прогласен за Просветен работник на годината. По тој повод беше организиран свечен настан во училиштето.
08. XI 2021 г. – Договорена е билатерална соработка со Здружението Common for a common future и во тие рамки беше реализирана работилница-дискусија со ученици од училиштето.
01. XII 2021 г. – Училиштето беше презентирано на Саем за социјално претприемништво во Струмица со проектот Еко-фарма. Преку оваа можност тие директно учеа како да ги презентираат своите производи на пазарот на трудот, маркетинг и продажба како битни сегменти на еден успешен бизнис.

06. XII 2021 г. – Ученици од училиштето присуствуваа на инфо-сесија во Валандово за работата на RYCO, ОБСЕ и Агенцијата за млади и спорт.
Во рамки на настанот, беа претставени целите, мисијата, активностите и тековните проекти на организацијата RYCO во кои младите од различни локални заедници можат активно да се вклучат. За време на настанот учесниците имаа можност и лично да го запознаат младинскиот претставник во RYCO, со кого директно разговараа за потребите на младите, за можностите на младите во различните локални заедници, како и да споделат искуства од претходни младински размени и придонесот кон нивниот личен развој и кон заедницата. Исто така, ќе имате можност да се запознаете со работата на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, како и со работата на Агенцијата за млади и спорт.
21. XII 2021 г. – Училиштето го посети Амбасадорката на САД Н.Е. Кејт Мари Брнз.
23. XII 2021 г. – Дискусија со млади од општина Валандово и од Р. Грција на тема „Животот на младите од двете страни на границата" во инфо центарот „Спојувалка" во Валандово.
27. XII 2021 г. – Со цел одбележување на меѓународниот ден на подготвеност за епидемија во училишниот хол за учениците, вработените и останати граѓани беше подготвен органски оброк со намирници од училишната економија. Собраните средства беа донирани за хуманитарни цели.
30. XII 2021 г. – Учениците од СОУ „Гоце Делчев" беа учесници на Новогодишниот базар на центарот во градот, во организација на ООУ „Јосип Броз Тито".
04. II 2022 г. - По повод денот на раѓањето на патронот Гоце Делчев беше организирано литературно читање пред вработените и гостите. Ученикот Мартин Петров во рамките на овој настан учествуваше на конкурс распишан од Сојузот на просветни работници.
14. II 2022 г. - Одбележан Св. Трифун на училишната економија со традиционално закројување на лозјето од училишната економија. На настанот присуствуваа Градоначалникот на општина Валандово, г-дин Перо Костадинов, како и претставници од институции од општина Валандово и граѓани.
21. II 2022 г. – По повод меѓународниот ден на мајчиниот јазик учениците од СОУ „Гоце Делчев" - Валандово и од ООУ „Страшо Пинџур" - Јосифово реализираа заеднички час по предметот Македонски јазик и литература.
04. III 2022 г. - СОУ „Гоце Делчев" беше домаќин на Градоначалникот на општина Валандово, г-дин Перо Костадинов и на Заменикот на Претседателот на Владата за европски прашања, г-дин Бојан Маричиќ. Нашето училиште е лидер меѓу образовните институции и на својата лична карта запишува голем број релизирани проекти финансирани од ЕУ. Активно работи на полето на вмрежување на своите ученици со ученици од Европа. Развива сопствена економија преку која ги подготвува учениците за пазарот на труд и отвара широки перспективи за нив.
07. III 2022 г. - RYCO координаторот од СОУ „Гоце Делчев", Емилија Зафирова Петков, присуствуваше на тридневна обука во Приштина за градење на капацитетите со #RYCO за развој на младинските размени.
14. III 2022 г. - По повод меѓународниот ден на бројот Пи учениците од СОУ „Гоце Делчев" - Валандово и од ООУ „Јосип Броз Тито" реализираа заеднички час по предметот Математика.
20. III 2022 г. – По повод меѓународниот ден на франкофонијата, во училишниот хол беше одржан настан подготвен од учениците од СОУ „Гоце Делчев" и ООУ „Јосип Броз Тито" на кој присуствуваа ученици и вработени од училиштата, како и граѓани од општината.

23. III 2022 г. - Светскиот ден на Метеорологијата беше одбелеѓан заеднички со учениците од IX одделение од ООУ „Јосип Броз Тито“ кои ја посетија метеоролошката станица поставена во дворот на СОУ „Гоце Делчев“.
31. III 2022 г. – Одбележан меѓународниот ден на аутизмот под мотото „Заедно садиме, живот создаваме“. Вклучени беа учениците и вработените од СОУ „Гоце Делчев“, од ООУ „Јосип Броз-Тито“, ООУ „Страшо Пинџур“, членовите на Здружението на граѓани за поддршка на лица со посебни потреби „Среќни лица“, Здружение на граѓани "Исчекор- Општество за сите" и Дневен центар Валандово.

02. IV 2022 г. - Потпишан меморандум за соработка помеѓу СОУ „Гоце Делчев“ и Здружение на граѓани за поддршка на лица со посебни потреби „Среќни Лица“.
05. IV 2022 г. – Соработка со НВО Kolektiv Z и реализирана работилница на тема „Мултикултурен дијалог". Обработка на теми за вредности, култура, праведност, мир и ненасилна комуникација.
05. IV 2022 г. – Училиштето го посетија претставници од организацијата РИКО, Астрит Реџепи -проектен координатор на проектот Супер-училишта, Тања Панева-локална програмска офицерка во РИКО и претставници од Друштвото за меѓународна соработка (ГИЗ) Јасмин Ваљевац- тим лидер и Gregor Christiansmeyer. Посетата беше со цел да се поздрави успешниот почеток на соработката помеѓу училиштата и учениците од СОУ „Гоце Делчев“ Валандово и СШ „Свилајнац“ Свилајнац, што се спроведува во рамки на проектот Супер-училишта и да им поделат промотивен материјал на учениците.
08. IV 2022 г. – Присуство на ученици и професори на Филозофски филмски фестивал во театарот во Гевгелија.
13. IV 2022 г. – По повод Велигденски празници, учениците од СОУ "Гоце Делчев" - Валандово беа присутни со свој продажен штанд на Градскиот пазар во Валандово. Продаваа производи кои сами ги произведуваат и украсуваат. Вино, цвеќиња и сок од калинка произведени од учениците од земјоделската струка, а декорирани од учениците од општествено-хуманистички А профил, општа гимназија.
22. IV 2022 г. – Онлајн меѓународен настан по повод Денот на планетата Земја.
Организатор: Еко одбор при СОУ „Гоце Делчев“ - Валандово, Секцијата по физика „Алберт Ајнштајн“ и ГЛОБЕ секцијата - атмосферски мерења.
Претходно се распиша конкурс за изработка на видео кое ќе има единствена цел - подигнување на еко свеста на жителите на планетата, со демонстрирање на лоша или добра практика или сугерирање визија за совршена и здрава животна средина.
Учествуваа пет училишта со свои видео содржини на посочената тематика од:
1. Флорина (Лерин) - Грција - Второ средно училиште;
2. Богданци - Македонија, СОУ „Богданци“;
3. Скопје - Македонија, СУГС Гимназија „Панче Арсовски“;
4. Вршац - Србија, Средно хемиско - медицинско училиште и од
5. Охрид - Македонија, ООУ „Христо Узунов“.
Присутни на настанот беа ученици од посочените училишта со нивните ментори, вработени и ученици од нашето училиште, претставници од локалната самоуправа на општина Валандово, претставници од GLOBE Europe and Eurasia Region Coordination Office, Educational Center - Чешка Dana Votápková и Bára Semeráková, Национален координатор на GLOBE програмата, Катерина Николовска, од Министерството за животна средина и просторно планирање, претставник на невладината организација „Биди глас, не ехо!“ Младински Сојуз - Крушево.
04. V 2022 г. – Одбележан патронитот празник во училишниот двор пред

наставниците и учениците, Градоначалникот на општина Валандово, претставници на институции и останати гости.
05. V 2022 г. – По повод меѓународниот ден на македонскиот јазик – 5 Мај, во холот на училиштето беше поставена изложбена поставка со делата на Блаже Конески која ја посети Градоначалникот на о. Валандово.
06. V 2022 г. – Реализирана МИО активност во село Башибос во соработка со организациониот одбор на Хид Бах Шен Фест. Настанот е од меѓународен карактер.
18. V 2022 г. - ЈП Комунален Сервис во соработка со СОУ Гоце Делчев Валандово , во рамки на веќе постоечкиот меморандум помеѓу двете институции, спроведоа еколошка акција за селектирање на отпад. Беше присутна и ТВ Ал Џезеира.
24. V 2022 г. - Во чест на Денот на сесловенските просветители, светите браќа Кирил и Методиј, беше одржан он-лајн училиштен симпозиум на истата тема во организација на СОУ „Гоце Делчев“.
Учесници: Професори по мајчин словенски (хрватски, српски, словеначки, црногорски и македонски) јазик и ученици од Туристичка и угостителска школа од Дубровник, СШ „Свилајнац“ од Свилајнац, Гимназија „Птуј“ од Пту, ЈУ „Друга основна школа“ од Будва и СОУ „Гоце Делчев“ од Валандово.
26. V 2022 г. - Отворен ден СОУ „Гоце Делчев“. Присуствуваа државниот секретар во МОН, Анета Трпевска и Градоначалникот на о. Валандово, Перо Костадинов, наставници, ученици од општинските основни училишта, претставници на бизнис-секторот и останати граѓани.
27. V 2022 г. - Здружение „Рубикон“ од Скопје и СОУ „Гоце Делчев“ потпишаа Меморандум за соработка.
01. VI 2022 г. - Граѓанска иницијатива која реализираше неколку активности под мотото „Заедно за подобро наше“. Координатор е СОУ „Гоце Делчев“ Валандово успешно спроведена во соработка со членови и ученици од ООУ „Јосип Броз-Тито“, ООУ „Страшо Пинџур“, Извиднички Одред „Младост“, Здружение на граѓани "Исчекор - Општество за сите", Здружение на граѓани за поддршка на лица со посебни потреби „Среќни лица“ и Центар за интегрална јога „Дарана“. Во организацијата активно учество земаа и Центарот за современи уметности Скопје и Градоначалник на општина Валандово.
08. VI 2022 г. - Учениците од СОУ „ГоцеДелчев“ присуствуваа на презентација на повикот „Технологија за планетата“ под менторство на м-р Стојан Манолев и соработка со Центарот за социјални иновации Блинк 42 21.

- Соработка со Сојузот на просветни работници преку учество на конкурси и други настани организирани од нивна страна.
- Соработка со Домот на културата „25 Мај“ од Валандово.
- Соработка со Друштво на физичари на РСМ.

## 14. СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА

СОУ „Гоце Делчев“ Валандово во учебната 2021/23 год. оствари соработка со институции во рамките на локалната заедница и тоа:

- Општина Валандово – општината придонесе за дополнителни финансирања на училиштето.

- Министерство за земјоделие – консултативни средби на директорот со претставници од подрачното министерство заради ставање во владение на земјиштето кое го користи училиштето за реализација на практичната настава. Такви средби се остварени и на повисоко ниво со претставници од МЗШ заради решавање на истите прашања.

- Агенција за развој на земјоделие и рурален развој - средби на директорот со претставници од агенцијата заради ставање во владение на земјиштето кое го користи училиштето за реализација на практичната настава.
- Катастар на РМ – изготвени елаборати од кататстарот заради ставање во владение на земјиштето кое го користи училиштето за реализација на практичната настава.
- Националната агенција за европски образовни програми и мобилности - консултативни средби со директорката на агенцијата заради можности на програмите кои ги нуди агенцијата за аплицирање на проекти.
- Управа за јавни приходи – едукативни предавања од претставник со вработен од оваа институција на теми за фискаланта политика и даноците во нашата држава.
- Невладини организации- потпишани се меморандуми за соработка со Здружение на граѓани за поддршка на лица со посебни потреби „Среќни Лица", Етно ресторан „Кај Виктор"-аутизам френдли место, Центар за активни млади луѓе „Заедно можеме" Сливен, Бугарија, Здружение за културен, спортски и едукативен развој "Свет на промени" – Валандово, Извиднички одред „Младост",Здружение на граѓани "Исчекор- Општество за сите" Валандово, Центар за интегрална јога „Дарана", Центар за современи уметности Скопје, Здружение „Рубикон" од Скопје.

## 15. ЕСКУРЗИИ

Планирните екскурзии според годишната програма за работа на училиштето во учебната 2021/22 год. не се реализирани според насоките од МОН.

## 16. ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ И СЛОБОДНИ ЧАСОВИ

Согласно наставниот план и програма за гимназиското образование, во почетокот на месец септември 2021 година учениците избраа проектна активност од следниве подрачја:

- Мир , толеранција и заштита- Реализатор: Јаворка Стојанова

- Ликовно творечки активности- Реализатор Радомир Кнежевиќ

- Проектни активности по музичката уметност: Реализатор Младен Костадинов

- Литературни клубови и драмски секции-
  Реализатор: Елизабета Чилевска Пандова
- Спортски активности:
  Реализатор: Слободан Митков

- Култура на здраво живеење:
  Реализатор: Јаворка Стојанова.

- Иновации и претприемништво
  Реализатор: Ташка Гетова

Согласно наставниот план и програма за земјоделско-ветеринарната струка за I, II и III година реализирани се содржини програмирани од училиштето:

- I год.- Климатски фактори, области и еко животни средини – реализатор: Тања Тунгелова Кимова
- II год.- Релјефот и педолошкиот состав во нашата држава- реализатор: Тања Тунгелова Кимова
- III год.- Подготовка за вработување и работа- реализатор Ташка Гетова

За Здравствен струка реализирани се содржини програмирани од училиштето:

- I Год. – Светско наследство во рацете на младите- реализатор Милан Гугицев

За машинска струка реализирани се содржини програмирани од училиштето:

- I Год. – Светското наследство во рацете на младите- реализатор Тања Тунгелова Кимова

Согласно наставниот план и програма за земјоделско-ветеринарната струка за IV година, во рамките на слободните часови на училиштето реализирани се следниве подрачја:

- Култура на здраво живеење: Реализатор: Јаворка Стојанова.

Програмите по сите подрачја, односно дисциплини, се реализираат по посебен распоред и вон часовите од редовниот распоред.

## 17. СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ

Активното вклучување на родителите во училиштето може воголема мера да помогне во промоција на средина на учење во која учениците можат позитивно да комуницираат со училишниот персонал и нивните врсници. Вклучувањето на родителите нуди можност да се разбере улогата која тие ја имаат во сите фази од процесот на учење и развој на нивните деца.

Со цел промовирање на нивната улога и активно учество во обликувањето на училишните активности, подготвена е програма за соработка со родители којашто предвидува различни форми на активностисо цел да се постигне конструктивна соработка на релација родители-училиште-стручен тим-раководство на училиштето, но и отворена соработка во текот на целата учебна година.

Цели на програмата:

- Промовирање на активната улога на родителите во осмислувањето, изведувањето и евалуацијата како на наставните така и на воннаставните активности.
- Унапредување на соработката и довербата на родителите кон училиштето и наставничкиот тим
-Зајакнување на соработничките односи помеѓу родителите со различно етничко, верско и културно потекло
-Поттикнување на позитивниот однос на родителите кон другите членови на групата

Програмата за вклучување на родителите во училишните активности предвидува:

1. Вклучување на родителите на отворени денови, родителски средби,совет на родители, училиштен одбор
2. Вклучување во процесот на одлучување за изведување на екскурзија
3. Разговор со стручни соработници
4. Организирање на настани, приредби по повод Нова година, 8-ми март, патрониот празник на училиштето и крајот на учебната година
5. Спроведување на повеќе едукативни и креативни работилници

Отворените денови се организираа еднаш месечно и беа наменети за решавање на проблеми кои произлегуваат од секојдневниот живот на работата на училиштето, на родителските средби родителите ги искажуваа своите ставови во однос на резултатите од успехот и дисциплината на своите ученици и даваа свое видување на што резултира успехот и дисциплината на учениците.

Родителите на учениците од трета година беа активно вклучени во процесот на одлучување на изведување на екскурзијата во странство за следната учебна година (при изборот на маршутата и агенцијата која нуди најповолна цена на распишаниот тендер).

Воспоставени се разговори со стручни соработници со цел давање на стручна помош во решавање на конкретни проблеми за кои се потребни стручни знаења.

Вклученоста на родителите по повод организирањето на приредби беше делумно остварена како резултат на избивањето на пандемијата. Исто така дел од едукативните работилници кои требаше да ги спроведат одредени родители не беа реализирани од истите причини и најверојатно ќе бидат реализирани кога ќе се укаже првата прилика.

Насоки: Потребно е изнаоѓање на патишта и начини за унапредување на сорабоката на релацијата наставник-родител во насока на поголема ефикасност и ефективност. Неопходно е негување на постојната  комуникација, едукација и на родителите и на учениците, пронаоѓање на нови соодветни начини и постапки на работа за развивање на повеќенасочна комуникација која ќе биде во склад со ситуацијата.

## 18. Промовирање на училиштето пред деветтоодделенците

Во однос на промовирањето на училиштето формиран е тим на наставници кои дадоа свој придонес кон промоција на нашето училиште.

Активно работат веб страната на училиштето и фејсбук профилот каде што во континуитет се пласираат сите активности на училиштето, т.е на наставниците и на учениците.

Низ текот на учебната година, беа реализирани часови по одредени предмети, како и други активности на кои присуствуваа деветоодделенци од централните и подрачните училишта.

Учениците од нашето училиште беа учесници на Новогодишниот базар во организација на ООУ,, Јосип Броз Тито".

Под мотото: ,, Заеднички работиме за поголеми успеси на учениците", Денот на бројот Пи, беше заеднички одбележан со учениците од ООУ,, Јосип Броз Тито", со наставниците Даниел Марџиев и Зоран Спасов.

22 Март –Светскиот ден на водата, беше заеднички одбележан со учениците од нашето и од основното училиште, под менторство на проф. Милан Гугицев, проф. Ангелина Занова и проф. Елена Андонова, на кој учениците од двете училишта донесоа заеднички заклучок: Вреднувај ја водата! Затоа што претставува ограничен и драгоцен ресурс, неопходен за одржување на животот, со којшто се обезбедува социјална благосостојба, економски просперитет и здравје на екосистемот.

На 23 Март – Светскиот ден на метерологијата, учениците од IX одделение од ООУ ,, Јосип Броз Тито ", ја посетија метеоролошката станица поставена во дворот на нашето училиште.

Заеднички учеа и мереа под менторство на проф,. Стојан Манолев и проф. Тања Тунгелова - Кимова констатираа и заклучија: ,,Навремено предупредување и навремена акција".

Исто така беше одржан заеднички час по предметот Македонски јазик и литература со учениците под менторство на проф. Елизабета Чилевска Пандева у проф. Билјана Ѓоргиевска, каде што се читаше ,, Т 'га за југ" од Константин Миладинов на различни јазици.

Под мотото ,, Меѓусебно соработуваме, се инспирираме и поддржуваме", учениците од ООУ ,,Јосип Броз Тито" и од нашето училиште, учествуваа на заеднички активности на час по биологија под менторство на проф. Ангелина Занова.

Во училиштето беше организиран отворен ден на училиштето под мотото ,, Учи паметно, работи стручно", со цел претставување на училиштето пред учениците од основните училишта и пошироката заедница. Беа направени штандови, на кои се претстави секоја струка посебно, беше организирана наградна игра, учество имаше училишниот бенд како и дегустација на училишното вино од страна на наставниците кои ги придружуваа учениците од основните училишта

Со цел оптимизирање на целокупниот процес на уписи во средните училиштата, за прв пат оваа година МОН воведува нова дигитална услуга кој овозможува електронско аплицирање .

Колегите ги посетија основните училишта, со цел да ја објаснат постапката за електронското пријавување. Беа спроведени и обуки за да може аплицирањето успешно да се реализира.

Подготвено од

Координаторот на тимот
Марија Коцева

# Извештај за работата на училишниот педагог за учебната 2021/2022

## Вовед

Соласно Годишната програма за работа во учебната 2021/22 одина педагогот ги реализираше своите активности преку следните порачја.

**1.Работа со ученици.**

Во рамките на оваа подрачје беа организирани различни видови на индивидуална и групна работа со учениците поврзана со успехот на учениците, дисциплината и редовноста со цел давање на непосредна подршка во учењето. Акцент беше ставено на потешкотиите кои учениците ги имаат во следењето на онлајн наставата како и прилагоеноста на учениците на онлајн наставата. Беа водени разговри со ученици и родители. За ученици кои имаа проблеми во совладувањето на наставата и редовноста на часовите беа организирани групни и индивидуални советувања заради подобрување на состојбата. Се следеше и прилагоденоста на учениците од прва година на новата училишна средина. Реализрани беа посети на часови и неколку работилници за учениците. За учениците беа организирани работилници на темите „Мојот стил на учење“ , „Како да учиме“ и др.

Со учениците беа реализирани индивидулни и групни средби и разговори во врска со учењето и наставата, поведението, односите ученик наставник, односите во семејството, редовноста во наставата , професионалната ориентација и др. Беше реализирано меѓународно ПИСА тестирање со 29 ученици од прва година.

**2.Работа со наставниците.**

Преку секојдневното следење на работата во училиштето и наставата давани се повратни информации за различни аспекти од наставата. Во почетокот на учебната година имаше консултации околу планирањето на програмите за годишните, тематските и дневните планирања на наставниците. Во текот на годината заеднички беа решавани тековни прашања поврзани со учениците во поглед на подобрување на успехот, дисциплината, вклучување на часовите, училишни проекти и др. Во некои активности беа вклучени и родителите.

За наставниците беа обработени теми од интерс за наставниците како што „ “Примена на наставни методи во наставата“.

Со наставниците креиравме активности за подготвка на учениците за учество во меѓународното ПИСА истражување .

Во рамките на ова подрачје значајна е комуникацијата на педагогот со наставниците по разни стручни прашања а посебно со новопримените наставници и нивно воведување во наставата и планирањето на наставата.

Стручните мислења, препораки, извештаи и други активности беа презентирани пред стручните органи во училиштето.

**3 Работа со родители**

На почетокот на учебната година изготвивме информативен флаер за училиштето кој што беше поделен на родителите. Родителите присуствуваа на разговори во рамките на постапката за изрекување на педагошки мерки на учениците. За родителите на ученици кои покажуват слаб успех по 3 и повеќе недоволни оценки како и нередовност во наставата беа организирани советувања на кои родителите беа запознати со состојбата а во вториот дел од советувањето им беа презентирани стиловите на родителство во семејството како и видови на комуникација со децата. Со советувањето беа опфатени 19 родители и 22 ученици. За состаноците на советот на родители беа подготвувани информации, извештаи, теми и сл. Педагогот соработуваше со родителите на учениците преку индивидуални средби, присуство на родителски средби во паралелките, учество во работата на Советот на родители и други форми. Соработката со родители беше во насока на подобрување на редовноста на учениците во наставата и подобрување на слабиот успех кај поедини ученици.

**4.Соработка со заедницата**

Во рамките на својата работа педагогот соработуваше, подржуваше и учествуваше во активностите на повеќе институции надвор од училиштето, како што се Центарот за социјални работи од Валандово, Црвен крст, Основните училишта од општина Валандово, МВР-Валандово, факултети и др институции.

Во основните училишта во општината и околните општини учествував во подготовка на промотивниот материјал за конкурсот за упис на ученици . Заедно со ученици и наставници училиштето беше презентирано во емисијата „Везилка“. Со ученици и наставници учествувавме во реализација на Отворениот ден на училиштето што под мотото “Учи паметно работи стручно“ се одржа во училишниот двор.

Учествував на тркалезната маса “Валандово како инфо точка за соработка со Грција“.

**5.Професионален развој и професионална соработка**

Во текот на изминатата учебна година за наставниците беше изготвен прашалник за професионалниот развој на наставниците.

Како ментор на МАССУМ учествувавме на “Образовно рандеву 2022“ кое што се одржа во Велес.

Учествував на обука по наслов “Професионален интегритет“ која што се одржа во Гратче, Кочани.

Во периодот од 25 јули до 5 август 2022 година преку Еразмус ја посетував Еуро Пас Академијата за наставниици во Фиренца , Италија каде учествував на обуката “Интензивен англиски јазик и култура и ИКТ во наставата“.

**6.Аналитичко истражувачка работа.**

И годинава од страна на педаогот беа изготвени анализи за успехот на

тромесечија и полугодие при што преку табели, графикони и текстуално беа презентирани податоците за постигнатиот успех како и предлог мерки за пообрување на успехот.

Беше реализирано истражување на тема ставовите и афинитетите на учениците за посетување на средното образование. Со учениците од завршната година се истражуваа можностите за продолжување на школувањето на високошколските институции.

Подготвувани се статистички податоци со податоци за успехот на учениците, полова структура, национална структура како и други статистички прегледи потребни за тековното работење.

**7.Училишна структура, организација, клима.**

Педагогот активно учествуваше во изработката на Годишната програма за работа на училиштето, организацијата на работата на училиштето (редовна, додатна, дополнителна настава). Активно учество имаше и во работата на стручните органи во училиштети и Советот на родители преку присуство и обработка на сручни теми. Реализирани беа посети преку вклучување на часови по редовна настава при што истите беа анализирани заедно со предметните наставници со цел отстранување на слабостите и подигнување на квалитетот на наставата. Беа иницирани активности за промоција на училиштето преку изработка на флаери и презентација за училиштето пред учениците од основните училишта од општина Валандово и околните општини. Педагогот учествуваше во следењето на реализацијата на наставните програми по задолжителните и изборните содржини програми и активности како и условите а работа во училиштето. Се следеше и оценувањето на учениците преку дневникот на паралелкиите, е дневникот, изготвените извештаи за успехот, разговори со ученици и наставници.

Педагогот реализираше посета на часови заради следење на наставниот процес, реализација на наставните програми, примена на наставни методи и техники како и реализацијата на годишните и тематските планирања.

За својата работа педагогот води хронолошки дневник и дневници и евидентни листови за работа со ученици родители и наставници, записници, прегледи, извештаи и друга документација.

## 19. Извештај за работата на СПЕЦИЈАЛЕН ЕДУКАТОР И РЕХАБИЛИТАТОР во СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за учебната 2020/2021 година

Работата на специјалниот едукатор и рехабилитатор во учебната 2021/2022 година се базира на активностите од годишната програма, која во целост е реализирана. Активностите од годишната програма се реализираат преку следниве подрачја:

**1. Работа со ученици**

Во ова подрачје се организира индивидуална работа со ученици со потешкотии во учењето. Ученици со потешкотии во наставата се учениците со

дискалкулија, дисграфија и дислексија. Овде се опфатени учениците кои имаат потреба од диференциран пристап во наставата. Во текот на индивидуалната работа се врши процена на способностите и можностите на ученикот, како и на потешкотиите со кои се соочува во текот на следење на наставата. Проценката се врши со помош на Инструменти за проценка: прашалници и тестови. Исто така беа водени разговори и советувања со соучениците од класот каде што е вклучен ученикот со потешкотии во учењето и со пречки во развој. Во оваа учебна година учениците со ПОП со дозвола од МОН следеа настава од далечина или со достава на материјали. Работата на ученикот со ПОП во текот на онлајн редовниот час беше следена и организирана преку посета на час. На тој начин се даваше директна помош на ученикот со ПОП, проценка на атмосферата во класот и соодносот со другите ученици. Поради наставата на далечина бројот на индивидуалните средби со физичко присуство беа намалени но сепак се реализираа. Поддршката и советувањето на учениците се одвиваше преку Microsoft teams ,телефонски, со достава на материјали и преку домашна посета.

Се обележа 5ти Декември- Ден на лицата со попреченост и 21 март –Ден на лицата со Даунов синдром преку постирање на објава на ФБ страната на училиштето за подигање на свесноста за инклузијата на лицата со попречености Даунов синдром. Се обележа Денот на ретки болести - 28 февруари.

На 31. III 2022 г. е одбележан меѓународниот ден на аутизмот под мотото „Заедно садиме, живот создаваме“. Вклучени беа учениците и вработените од СОУ „Гоце Делчев“, од ООУ „Јосип Броз-Тито“, ООУ „Страшо Пинџур“, членовите на Здружението на граѓани за поддршка на лица со посебни потреби „Среќни лица“, Здружение на граѓани "Исчекор- Општество за сите" и Дневен центар Валандово.

Со учениците од сите паралелки од училиштето организирани се неколку работилници „Јас во чевлите на другиот“, „Инклузија што е тоа?“и сл. Часовите се организираа за време на класниот час или како замена на час во случај на отсуство на професор.

Специјалниот едукатор и рехабилитатор како координатор учествуваше во реализација на RYCO проектот при што успешно се реализираа 2 училишни размени на ученици со партнерскот училиште „Свилајнац“ Свилајнац, Србија. Во периодот 4-9. 04.2022г. Во посета на нашето училиште беа учениците од партнерското училиште, а во периодот од 09-16 мај нашите ученици беа во посета на партнерскот училиште. Се реализираа бројни работилници и проектни активности за градење на меѓукултурен дијслог и соработка, градење мир и разрешување на конфликти.

**2. Работа со наставници**

Активностите од ова подрачје се спроведоа преку директна комуникација и разговори со наставиците. Преку посета на часови беше давана стручна помош на наставниците при изборот на методите за работа, адаптирање на наставните содржини при работата со учениците со ПОП. Непосредно на тоа наставниците беа информирани и запознавани со карактеристики, способности и можности на учениците со ПОП. Исто така беа давани насоки за неопходни модификации и адаптации во наставата, со цел максимално постигнување на учениците со ПОП. Овие активноси се спроведоа континуирано преку целата година. Беше спроведена директна подршка на наставниците при изготвување на ИОП. За учениците за кои се спроведуваше диференциран пристап во работата наставниците беа директно

советувани кои од понудените мерки се најсоодветни да ги користат соодветно за конкретниот ученик. Исто така беа давани насоки за документирање на постигањата на учениците со ПОП и нивно оценување.

Наставниците и специјалниот едукатор изготвуваа наставни ливчиња и материјали за учење адаптирани според потребите на ученикот со ПОП и беа праќани да се сработат во домашни услови. Изготвените материјали се враќани назад кои понатаму влегуваат во досието на ученикот и служат за понатамошна евалуација и оценување на постигнатото.

Преку програмат Еразмус, специјалниот едукатор учествуваше во обуки поврзани со работа со ПОП ученици вклучени во редовна настава: „Специјална едукација и аутизам: Како да се менаџира со предизвикувачко однесувањево училница- АБА тренинг“ реализирана во Кипар во периодот 11-15.04.2022 и „Музиката како мост помеѓу два света- нашиот и светот на децата со аутистичен спектар“ во Птуј, Словенија во периодот 14 – 18 Март 2022г.

Специјалниот едукатор и рехабилитатор активно бара и се ангажира за изнаоќање на најразлични начини на финансирање на обуки насочени за професионален развој на наставниците.

**3. Работа со родители**

Активностите од ова подрачје се спроведуваа континуирано во текот на целата учебна година. На почетокот од учебната година, во текот на првата родителска средба со класните раководители, родителите научениците од I година пополнуваа анкетни прашалници за психофизичката состојба на нивните деца. На тој начин се добиваа првични информациизa учениците со ПОП.

Беа спроведени индивидуални разговори со родителите на децата со ПОП. На тој начин се поттикнуваа родителите да се вклучат во воспитно-образовниот процес на нивното дете. Беа советувани родителите на кој начин да ја продолжат работата со нивните деца со ПОП и во домашни услови. Родителите на учениците со пречки во развој за кои беше изготвуван ИОП беа диретно вклучени при самиот процес на изготвување на ИОП.

Родителите беа директно вклучени и во реализирање на наставните содржини во домашни услови. Родителите беа директна помош на учениците со ПОП при сработување и повторна враќање на материјалите подготвени од страна на специјалниот едукатор се со цел совладување на наставните содржини превидени во ИОП.

**4. Соработка со заедницата**

Во рамките на својата работа специјалниот едукатор и рехабилитатор соработуваше, подржуваше и учествуваше во активностите на повеќе институции надвор од училиштето, како што се Центарот за социјални работи од Валандово, Дневен центар Валандово, Основните училишта од општина Валандово, МВР-Валандово, Eu House и др институции.

Потпишани се меморандуми за соработка со здруженија чија дејност се лицата со пречки во развој како Здружение на граѓани за поддршка на лица со посебни потреби „Среќни Лица“, Етно ресторан „Кај Виктор“-аутизам френдли место Здружение на граѓани "Исчекор- Општество за сите" Валандово. Исто така специјалниот едукатор воспостави соработка и со други здруженија како Центар за активни млади луѓе „Заедно можеме“ Сливен, Бугарија, Здружение за културен, спортски и едукативен развој “Свет на промени” – Валандово, Извиднички одред

„Младост“, Центар за интегрална јога „Дарана“, Центар за современи уметности Скопје, Здружение „Рубикон“ од Скопје.

За потребите за реализирање на активностите од Еразмус + проектот „Биди ми пријалтел, ист сум ако тебе“ на тема Аутизам, специјалниот едукатор и рехабилитатор соработуваше со други училишта од Бугарија, Словенија и Кипар.

Во периодот од мај- јуни 2022г. епецијалниот едукатор аплицираше за добивање на финансиски средства за спроведување на граѓанска иницијатива преку која се активираше соработката создруженија кои делуваат во општина Валандово. Иницијативата имаше за цел вмрежување на организациите, разменување на идеи, соработка и унапредување и развивање на програми за идни активности и идеи кои ќе делуваат на полето на развој на заедницата. Под координаторство на специјалниот едукатор во јуни 2022г. се реализираа 5 активности во рамките на граѓанската иницијатива „ Заедно за подобро наше“: „Thresher hunt Валандово“, Еко-Ин Акција, чиста околина, полно срце“, „Да твориме заедно“, „Јога, прода и здравје“ и „Логорување“ . Во оваа иницијатива заеднички и подеднакво учествуваа членови од Извиднички одред „Младост“, Здружение на граѓани за поддршка на лица со посебни потреби „Среќни лица“, Здружение за граѓани „Исчекор- општество за сите“Валандово и ученици од СОУ „Гоце Делчев“ Валандово.Иницијативата шече финансирана од Центар за современи уметности Скопје и Градоначалник на Општина Валандово

### 5. Професионален развој и професионална соработка

Во поглед на ова подрачје, специјалниот едукатор и рехабилитатор учествуваше на различни онлајн обуки и семинари во текот на цела учебна 2021/22 година.

Во декември 2021г. специјалниот едукатор и рехабилитатор учествуваше на обука: „Современии концепти на средно образование- новата улога на наставникот и новите стратегии на поучување и учење“ организирано преку БРО и ЦЕС академија.

Во периодот од декември до мај специјалниот едукатор посети 4 онлајн обуки организирани од Мировен корпус: Менаџирање на наставниот час, Менаџирање на стресот кај наставниците и учениците за време на пандемијата, Разбирање на различностите кај учениците и Настава насочена кон учениците.

Во периодот од 18-21. 02. 2022 г. – специјалниот едукатор и рехабилитатор во улога на RYCO координаторот од СОУ „Гоце Делчев“,присуствуваше на тридневна обука во Приштина за градење на капацитетите со #RYCO за развој на младинските размени.

Во оваа учебна година, специјалниот едукатор и рехабилитатор учествуваше на 2 инфо сесии организирани од Regional Cheling Fond –RCF со цел подготовка на апликација за добивање на грант од KFW Германска развојна банка за набавка на опрема за стручно образование. Директно учествуваше во подготовка на апликацијата за вториот повик и во апликацијата во потесниот круг од вториот повик.

### 6. Аналитичко-истражувачка работа

Специјалниот едукатор и рехабилитатор во соработка со педагогот спроведе интерно истражување во рамките на училиштето за наставници и учениците. За

целта на истражувањето беа подготвени прашалници преку Micosoft forms и сроведена онлајн. Анализата на добиените податоци се обработи дигитално и се изработи наративен извештај. Добиените податоци се искористија за подобрување на квалитетот на наставата, увидување на наедостатоците и потребите во онлајн наставата во насока за давање подршка и изнаоѓање на соодветни одговори на проблемите. Како кај наставниците така и кај учениицте. Од ова истражување со добија податоци за потребата од организирање на интерни обуки во училиштето за Реализација на наставата со користење на различни ИКТ средства за учење. Истата обука беше организирана од страна на стручната служба и успешно реализирана. На неа присуствуваа сите наставници.

Специјалниот едукатор и рехабилитатор соработуваше со други институции и здруженија, орагнизизации и сл.

**7. Училишна структура, организација, клима**

Специјалниот едукатор и рехабилитатор учествува во изработка на сопствена Годишна програма за работа а почетокот од учебната година. Исто така активно учествува во изготвување на дел од Годишната програмата за работа на училиштето и Годишниот извештај на училиштето.

Учествување во организирање на наставата и работата на училиштето (редовна, додатна, дополнителна, проектни активности) и во подготовка на распоредот на часови. При спроведување на онлајн наставата беше активно вклучен во организацијата и успешното спроведување и реализирање. Беше член во сите групи и ја набљудуваше директно работата и помагаше доколку се појави потреба за тоа.

Специјалниот едукатор и рехабилитатор води евиденција и документација за учениците со ПОП. Води записници од состаноци на Класни и наставнички совети. Подготвува соодветни извештаи за училишните активности.

Активно учествува во подготовка на апликација за идни проекти кои се аплицираат за наредната учебна 2022/23 година.

Подготвил:
Емилија Зафирова Петков
Специјален едукатор и рехабилитатор

# 20. Извештај за работата на стручните активи

## *20.1 Стручен актив по македонски јазик и литература и уметности*

## Извештај за работата во учебната 2020/21 година

Стручниот актив по македонски јазик и литература го сочинуваат тројца професори: Златко Митков, Бранко Ѓорѓиев и Елизабета Чилевска Пандева.

Од учебната 2020/21 година кон овој актив е припоен и активот на уметностите со професорите Раде Кнежевиќ и Младен Костадинов.

1. ***Стручно усовршување***

Активот продолжи да работи на лично стручно усовршување преку:

- Соработка со други активи (Актив на странски јазици),
- Соработка со активи по аналогија или дополнување ( Актив на општествено-хуманистичка група предмети, ЕКО одбор, МИО тимот),
- Соработка со Дом на култура „25 Мај“ и Градската библиотека „Гоце Делчев“ Валандово,
- Соработка со локалната заедница,
- Соработка со родители,
- Продолжување на соработката со БРО и учество на семинари и предавања.

2. ***Реализирани активности***

- Континуирана интеграција на ЕКО стандардите во наставните содржини и во училиштето преку практична изработка на упатства, паноа, апели...,
- Поврзување на наставните содржини со содржини од проектот МИО,
- Интензивна примена на ИКТ во наставата,
- Посета на обуки за он-лајн настава,
- Подобрување на наставата преку примена на различни техники за активно и кооперативно учење,
- Интензивирање на соработката помеѓу наставниците и учениците преку организирање на интерни квизови, натпревари, дебати и отворени часови – Функционира Дебатен клуб во соработка со Младински образовен форум,
- Организирање и учество на литературни конкурси и читања,

- Одбележување на патрониот празник на училиштето,
- Одбележување на Денот посветен на Св. Климент Охридски,
- Одбележување на Меѓународниот ден на руралната жена - 15 октомври со цел давање акцент на руралната валандовска жена,
- Одбележување на 100 – годишнината од раѓањето на Блаже Конески преку изложба на дела од Конески во училишниот хол,
- Одбележување на Денот на мајчините јазици, 21 февруари преку заеднички час реализиран во нашето училиште со ученици од ООУ „Страшо Пинџур“ од с. Јосифово,
- Одбележан Денот на сесловенските просветители во соработка со училишта од Србија, Црна Гора, Хрватска и Словенија,
- Соработка со Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература на Република Северна Македонија,
- Учество на МАССУМ,
- Во чест на Годината на мирот–2021 г. засадени три дрва маслинки во училишниот двор заедно со ученици од ООУ „Страшо Пинџур“ од с. Јосифово,
- Интензивна работа на литературната, драмската, рецитаторската и новинарската секција и издавање на училишно гласило,
- Посета на Саемот на книга кој се одржува во Валандово,
- Останати тековни активности.

***Претседател***
***Елизабета Чилевска Пандева***

## *20.2.* ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ ПО СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ ЗА УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА

Активот за странски јазици имаше состаноци редовно секој месец и ги разработуваше темите и проблемите кои беа дадени според однапред утврден дневен ред.

Најмногу важност од разговараните теми беа оние за незаинтересираноста на децата за настава воопшто,склонноста кон лесно губење на настава(бегање или не доаѓање на часови),како и неретки испади на недисциплина со вербално напаѓање еден со друг или недолично обраќање кон наставникот.

Проблемот со незаинересираноста се провлекува веќе неколку години и претходно ја сведувавме заради онлајн наставата ,ама и оваа година изгледа дека се уште трае и тоа во голема мера.Само мал број на деца со интерес ги следат часовите а останатите како да се досадуваат.Но,кога децата се вклучени во некој проект или им се зададе особена задача или домашно со пребарување ,дознавање или изнаоѓање на податоци тогаш тие тоа го сработуваат и се заитересирани за тоа што постигнале, како тоа го направиле, со повратна информација од страна на наставникот. Следствено на ова ,во нашиот актив дојдовме до заклучок дека децата треба да се мотивираат да учествуваат на часовите со изработување на теми,проблеми, и наслови,кои се поврзани со материјата од предметот.Да се

чувствуваат дека се дел од целината и дека нивниот дел е само алка од синџирот и тие мора и треба да го завршат тоа што им е зададено.

За проблемот со недоаѓање или бегање од часови, бевме на заеднички став дека и покрај тоа што сме мало училиште ако треба некој да се истера заради направени неоправдани отсуства да го направиме тоа без оглед дали е средина или почеток на учебна година,да не дозволуваме тоа да ни се провлекува со месеци чекајќи на оправданија или нешто груго.Така ќе им се врати волјата и на останатите ученици дека ништо не се толерира во нашето училиште без разлика и за кој или за што  да станува збор.

Неколкупати беше разговарано и дискутирано за недоличното обраќање и однесување што на неколку наврати се случуваше во текот на учебната година и беше кажано дека убаво би било кога почесто ако не само на класниот час тогаш и на останатите редовни часови колку и како дозволува материјата да се воочува потребата од културно,соученичко,љубезно однесување не само меѓу нив и нас како повозрасни или нивни наставници ами и помеѓу нив како соученици,другари и лишности со кои го поминуваат скоро половина ден заедно.

За секакви други старо-нови проблеми мислиме дека тековно треба да се решаваат со заедничка соработка и со колегите на прво место и со родителите кои треба да бидат поажурни и со службата во училиштето.

Претседател на стручниот актив
Милка Каракотева

## 20.3 ИЗВЕШТАЈ од работата на Природно-математичкиот стручен актив

Во учебната 2021/22 година Природно-математичкиот стручен актив одржа еден состанок.

Состанок се одржа преку Тимс  на 20 јануари 2022 година со следниов дневен ред:

1. Планирање на предметите во стручниот актив.
2. Тековни прашања

За оваа учебна година се има одржано натпревари по предметот Биологија – општински, регионален и државен натпревар.

По предметот Математика исто така се има одржано општински и регионален натпревар.

По предметот Физика исто така се има одржано општинкси, регионален и државен натпревар.

Ние како стручен актив учествувавме во промовирање на училиштето со одржување на часови за деветоодделенците..

Во соработка со комуналниот сервис – Валандово учествуваме во рециклирање на пластични шишиње.

Како стручен актив придонесовме голем удел при уписот на новите ученици, кој оваа година за прв пат пријавувањето се одвиваше електронски.

Претседател на Природно-
математичкиот актив
Проф. Марјан Лазаров

**20.4 Извештај од програмата на стручниот актив по предметот,, Спорт и спортски активности" за 2021/22**

-Реализирани активности покрај редовните часови по месеци се:

- Октомври
- Посета на спортски натпревар во Скопје/Фудбал квалификации за Светско првенство Македонија-Германија 0-4
- Футсал машки турнир (победник $II^2$)
- Ноември
- Спортски ден по повод 6ти Ноември (Атлетски натпреварувања)
- Планинарење (Валандово- Милкин Врв- манастир Св. Ѓорги)
- Турнир кошарка женски
- Општински турнири во футсал, одбојка, кошарка и ракомет со Богданци. Од одиграните натпревари нашето училиште издвојуваше победа во футсал и одбојка (конкуренција машки и женски)
- Декември
- Регионални натпревари со екипите од Велес и Гевгелија во Футсал (машки и женски) и Одбојка (машки и женски).
- Посета на СПА Центар ,,Сириус"-Струмица (Пливање)

Бидејќи учениците имаат тековни активности преку целата година периодично и индивидуални кои влегуваат во критериумите за конечната оценка (норми, организација и реализација на настава и проектни активности и сл.), полугодишните оценки да се согледуваат со резерва, затоа што не се одраз на реалните постигнувања на учениците!
Со почетокот на второто полугодие се отпочна и со турнирот (кошарка) во машка конкуренција и траеше до втората недела од март месец.
Во февруари имаше и еднодневен скијашки излет на Пониква заедно со учениците од основното училиште.
Во месец мај се реализира и велосипедскиот крос до Башибос.
Предвидените соддржини кои беа планирани во годишната програма за месец април и мај (турнир одбојка и пролетниот атлетски крос ) не бевме во можност да ги реализираме поради лошото време на датата за кросот и штрајкот на просветните работници кој траеше три недели.
Поради наведените причини се намалија и бодовите кои како критериум беа дадени на почетокот на годината за оценување.

Предметни наставници; Слободан Митков и Зоран Јовановиќ
29.06.2022 Валандово

## 20.5. Извештај за работата на училишната економија и активот на Земјоделско-ветеринарната струка

Активот во учебната 2021/2022 година одржа неколку состаноци на кои се разгледуваа различни активности и средби, како:
-организирање на наставата за учебната 2021/2022 година
-план и програма за спроведување на активности за тековната година во земјоделската струка
-изработка на индивидуални планови за професионален развој на наставниците во струката
-избор на предлог-кандидат за училишен одбор од активот
-разгледување на успехот и дисциплината на учениците во земјоделската струка

Во рамките на училишната економија беа реализирани голем број на активности:
-обработка на земјоделските површини, лозовиот насад и насадот со јапонска јаболка
-површината од 4.5 ха беше посеана со јачмен
-берба на лозовиот насад и преработка на грозјето во вино и ракија
-производство на вино
-берба на јапонско јаболко
-берба на калинка
-производство на сок од калинки
-садење на пластеникот со разни есенски градинарски култури, нивна берба и продажба
-производство на цвеќе и продажба
-ожилување на резници од калинка
-одгледување на габа буковка
-резидба на лозов насад, насад од јапонско јаболко и овошките во училишниот двор и примена на сите агротехнички и помотехнички мерки во насадите, како и нивна заштита од болести, плевели и штетници
-садење на пластеникот со пролетни култури и нивна продажба
-производство на мастика
-одгледување на пчелни семејства
-производство на органско ѓубриво (компостирање на хартија и разни отпадоци)
-соработка со голем број на фирми од нашата општина, учење преку работа кај работодавач
-посета на плантажа Римако
-учество на Валандовска ракијада
-учество на МАССУМ,освоено второ место,Штанд
-учество на државниот тракторски натпревар,одржан во Св.Николе и освоено трето место во дисциплина калемење на овошки и лоза

-жетва на јачмен
-учество на отворен ден на нашето училиште и претставување на струките пред деветоодделенци од нашата општина
-организација и реализирање на феријална пракса на учениците во неколку фирми од нашата општина

Претседател на актив
Златко Јанчев

### *20.6.* Извештај од работата на стручниот актив на општествено хуманистичко подрачје во СОУ“Гоце Делчев“во учебната 2020/2021 год

Стручниот актив на општествено-хуманистичкото подрачје, изготви предлог-програма според која ќе се работи во тековната учебна година. Истата беше разгледана и потврдена.

Се изврши избор на претседател на стручниот актив. За претседател е избрана Марија Коцева.

Наставните планови и програми за работа по предметите во ОХ подрачје беа разгледани и споредени со потврдените учебници од Мон за работа и беше констатирано дека целосно ги покриваат предложените содржини.

Дискутирано е да се разгледа што би било потребно како наставни помагала и средства за надополнување на методите за работа.

Беше разговарано дека е потребно подобрување на квалитетот на наставата со користење на ИТ. Исто така дека интерактивната настава е продуктивна, и се повеќе треба да се цели кон неа.

Стручниот актив смета дека е потребно да се усогласат критериумите за вреднување на учениците.

Беше дискутирано за планирање и реализирање на додатна и дополнителна настава, со кои треба да се минимизираат тешкотиите во учењето и продлабочување на знаењата на учениците во зависност од нивните потреби.
Беше одржан заеднички час на предметот Историја, со гледање на филмот ,, Децата од Бразил“.

Во ноември, беше разгледан успехот и поведението на учениците кој е на задоволително ниво. Учениците постигнуваат успеси, ја совладуваат материјата, но од една страна постои и незаинтересираност од страна на ученици како и монотоност на часовите. И за тоа мора да се воведуваат нови методи за надминување и да има вклучување на сите ученици во наставниот процес.

Беше одбележен 20 ти Ноември- Светскиот ден на детето, со читање на правата на детето.

Исто така, беше одбележен 10 Декември – Денот на човековите права, кои учениците го одбележаа со читање на правата, колку тие се почитуваат и дали се уживаат.

На 27.12.2021, беше обележен Меѓународниот ден на подготвеноста за епидемија, кое всушност означува подготвеност за водење поздрав живот и стекнување поздрави навики и тука се воспостави соработка меѓу предметот економија од ОХ подрачје, со земјоделскиот актив, кои произведоа кинеска зелка, која беше изложена на  штанд во училишниот хол и беше презентирана и продавана како здрав оброк меѓу учениците и вработените.

На 17.01, после наставничките и класни совети, беше одржан состанок на активот, на кој се расправаше за постигнатиот успех на крајот на првото полугодие. Има подобрување во успехот, но сметаме дека треба да воведуваме иновативни настани во училиштето, за поголема вклученост на учениците.

Од страна на колешката Јаворка Стојанова, беше спроведена еден вид на обука во врска со регулирање на изостаноците во е-дневникот, кое се константира како проблем на наставничкиот совет.

По повод Меѓународниот ден на жената, учениците од 2 и 4 година, на час по предметот социологија, одржаа интерно предавање и работилница на тема ,, Највлијателните жени низ историјата”.

Исто така, учениците понудија производи кои сами ги произведуваат и украсуваат. Тука имаше соработка меѓу нашиот актив и земјоделскиот актив. Вино произведено од учениците од земјоделската струка, а шише декорирано од учениците од гимназијата.

На ден, 08.04, се одржа 12тиот Филозофски филски фестивал, на кој нашите ученици во театарот во Гевгелија го проследија филмот со наслов ,,12 Гневни луѓе”.

Претседател на актив
Марија Коцева

**21. Извештај од работата на Училишен инклузивниот тим на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово**

Училишниот инклузивен тим (УИТ) е формиран во септември во учебната 2021/22 година. Во составот на УИТ влегуваат:

- Емилија Зафирова Петков- Специјален едукатор и рехабилиатаор
- Васе Митев – педагог,
- Елизабета Чилевска Пандева –наставник,
- Тања Тунѓелова-Кимова- наставник,
- Љубица Невеселова –директор.
- Тања Павлова - родител

Одржани се вкупно 5 состаноци во текот на учебната 2020/21 година. На првиот состанок кој се одржа во месец август се донесе Програмата за работа на УИТ. На вториот состанок по изложување на специјалниот едукатор и рехабилитатор кои се идентификувани ученици со ПОП, се донесе одлука да се изготви ИОП за 2 ученци со наод и мислење, а кои се запишани во II год. земјоделско-ветеринарна струка и се формираа 2 инклузивни тима за ученик (ИТУ).

На третиот состанок се донесе одлука да се работи со диференциран пристап за учениците со потешкотии во учењето (дискалкулија, дисграфија и дислексија) кои беа идентификувани од страна на специјалниот едукатор и наставниците. Овде беше изложен и напредокот на учениците кои следат настава по ИОП.

Четвртиот и петтиот состанок беше во насока на следење на постигнување на учениците со ПОП и оценувањето на исите на крајот на учебната година.

УИТ под координаторство на специјалниот едукатор и рехабилитатор, континуирано преку целата учебна година го следи напредокот на учениците со

ПОП, дава непосредна подршка при реализирање на наставата на наставниците и на учениците. УИТ редовно одржува контакти и води разговори со родителите на учениците со ПОП во насока на советување, соопштување на напредокот и сл.

УИТ на почетокот на наставната 202/22 год. Работеше со наставниците во насока да се приспособи наставната работа на развојните и индивидуалните потреби на учениците. Се водеше сметка наставниците во наставните планирања во сите предмети да користат современи методи, форми и средства за работа во насока почитување на индивидуалните разлики на учеиците и стилови на учење.

УИТ во месец септември –октомври 2021г. водеше сметка да се идентификуваат надарените ученици и учествуваше во подготвување на Програмата за додатна настава. УИТ учествуваше и во идентификација на учениците со потешкотии во учењето и совладување на наставниот материјал. Даваше сугестии и предлози за адаптирање

Според Програмата за работа на УИТ, содржините во истата во целост се реализирани.

Подготвено од Координатор на УИТ
Емилија Зафирова Петков
Специјален едукатор и рехабилитатор

## 22. Извештај за работата на Училишниот одбор при СОУ „Гоце Делчев“ – Валандово

Членови на Училишниот одбор одбор при СОУ „Гоце Делчев“ – Валандово до 20. 02 2022 г. беа:

1. Стојан Манолев – претставник од училиштето – наставник
2. Душко Кортов - претставник од училиштето - наставник
3. Тања Тунгелова - Кимова - претставник од училиштето - наставник
4. Ангелина Занова – претставник од училиштето - наставник
5. Лујза Тошева – претставник од родителите
6. Петар Јанакиев – претставник од МОН
7. Лепа Котева – претставник од основачот
8. Валентина Зајкова - претставник од основачот
9. Сашо Нунов - претставник од основачот
10. Жаклина Јованова - претставник од родителите
11. Сашко Василев - претставник од родителите

На ден 21. 04 2022 г. (четврток) се одржа конститутивен состанок на Училиштен одбор при СОУ „Гоце Делчев“ – Валандово. Нови членови, претставници од училиштето - наставници се:

1. Милка Каракотева – претставник од училиштето - наставник
2. Златко Јанчев - претставник од училиштето - наставник
3. Елизабета Чилевска Пандева - претставник од училиштето - наставник
4. Ристе Стојанов – претставник од училиштето - наставник

Од 01. 06 2022 г. за претставник од МОН е назначена Сара Митова.

Училишниот одбор ги усвои:

- Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2021/22 година;
- Извештајот за работа на училиштето за учебната 2021/22 година;
- Извештај за извршениот попис на средствата и финансиската состојба на 31.12 2021 год.;
- Завршната сметка за 2021 година;
- Го усвои годишниот план за јавни набавки за 2022 година;
- Усвојување на годишниот финансов план на училиштето за 2022 година;
- Континуирано следење на успехот, редовноста и резултатите на учениците;
- Константна поддршка за обезбедување на професионален развој на наставниците;
- Избор на Директор на училиштето и
- Реализација на други прашања утврдени со Статутот на училиштето.

Претседател на УО
Елизабета Чилевска Пандева

## 23. ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА

Во ова подрачје се одвиваа активности според програмата за професионална ориентација.

Учениците од втора година гимназија беа запознати со подрачјата кои треба да ги изберат за трета и четврта година – општествено-хумнаистичко и природно математичко подрачје и комбинациите на изборни предмети под А и Б. Изборот на подрачјата беше направен преку анкетирање на учениците.

Со цел информирање на учениците за профилот на занимања, подобрување на вработливоста, потикнување на активности за личен и професионален развој, избор на високошколска установа и користење на информатичка технологија при барање работа беа реализирани работилници и предавања од следниве области: Избор на занимање, подготовка на професионална биографија и насловно писмо, активно барање работа и интервју за работа.

Училиштето беше посетено и од тимови од повеќето факултети од Македонија при што учениците беа непосредно запознати преку презентации за условите за запишување и студирање на факултетите и изборото на идното занимање.

Во училиштето постои и Кариерен центар каде учениците имаат можност да се информираат повеќе за својата идна кариера и преку индивидуално кариерно советување да дознаат повеќе за своите способности и можности. При реализацијата на професионалната практика учениците како дел од програмата на кариерниот центар има средби со менаџерите на тие компании и да се запознаат со тоа како се станува успешен менаџер на компанија при што учениците пополнуваа сосодветни формулари кои подоцна се анализираа. Мал дел од учениците покажаа интерес за индивидуално кариерно советување.

## 24. Извештај за реализирани проекти

Во текот на учебната 2021/22 годинe во СОУ Гоце Делчев Реализрани се следниве проекти:
1. **„Be my friend, I'm just like you"** – Ерасмус + проектСе реализираа три програмски активности. Првата транснационална средба беше во град Сандански, Р. Бугарија во ноември, 2021. Во февруари 2022г. во градот Птуј, Р. Словенија се реализираше обука за наставници под наслов „Музиката како мост помеѓу два света- нашиот и светот на децата со аутистчен спектар". Во април 2022г. во градот Никозија, Р. Кипар се реалзираше обука за наставници под наслов „Специјална едукација и аутизам: Како да се менаџира со предизвикувачко однесувањево училница- АБА тренинг".Четворица наставници се се запознаа со нови методи и техники за работа со ученици со ПОП.
Четвртиот завршен настан се реализираше во нашето училиште во месец јуни 2022 каде наставници од останататите партнерски организации присуствуваа на завршен состанок. Четворица наставници се се запознаа со нови методи и техники за работа со ученици со ПОП.
2. **„Travelling through time on the horseback of Evliya Celebi**"– Ерасмус + проект во соработка со НВО „Свет на промени" од Р. С. Македонија и партнери од Турција и Хрватска. Реализирана беше првата мобилност во Р. С. Македонија, во градот Крушево. На оваа мобилност покрај партнерските училишта од Турција и Хрватска присуствуваа 2 наставници и 5 ученици од нашето училиште.
3. **„New faces to old places"** – RYCO проект. Партнери беа нашето училиште и СШ „Свилајнац" од град Свилајнац, Р. Србија. Се реализираа две училишни размени со активности од 7 дена во Северна Македонија (Април, 2022) и 9 дена во Србија (мај, 2022). Учениците работаа на заеднички работилници со единствена цел, интеркултурен дијалог, градење на мир и разрешување на конфликти
4. **„Со 3Р до органско ѓубриво"** – проект поддржан од ФИТР. Проектот беше добиен на крајот на претходната учебна година и започна оваа. Учениците и наставниците по стручни земјоделски предмети почнаа да произведуваат компост (органско ѓубриво) од сопствени ресурси во училишната економија.
5. Еразмус +Проект К1 **„Нови можности во поврзаниот свет**"- Во јуни 2022г. 9 наставници ја посетија двонеделната обука со наслов „Интензивен англиски и информациски и комуникациски технологии во наставата" која се реализираше во Фиренца, Италија.

## 25. МИО активности во училиштето

**Извештај за работата на тимот за меѓуетничка интеграција во образованието во учебната 2020/21 година**

***МИО тимот*** го сочинуваат:

Милица Стојанова – координатор

Елизабета Чилевска Пандева – член на тимот, наставник

Емилија Зафирова Петков – член на тимот, дефектолог
Васе Митев – член на тимот, педагог

-Планирање на предметните наставници на МИО часови во Годишниот наставен план и програма, т.е. поврзување на наставни единици со МИО тематики на 1 до 2 наставни часа;

-Изработка на МИО календар на почетокот на учебната година со конкретни наставни единици од соодветните предмети каде ќе се реализира тема од МИО.

- Реализација на МИО активности на часовите за животни вештини- работилници со цел учениците да се мотивираат да истражуваат за сличностите и разликите меѓу културите и да ги почитуваат истите во духот на меѓуетничката интеграција;
-Мултикултурни и интеркултурни работилници, работилници за демократска партиципација, човекови права, права на дете
-Организирани посети на интегрирани групи ученици на значајни културни и историски места и објекти, настани и манифестации
-Учениците од нашето училиште беа вклучени во активности како дел од Хид Бах Шен Фест и го посетија турското село Башибос каде ги согледаа традиционалните турски хидерлески обичаи.
-Во Чалакли се одржатрадиционалниот фестивал на пролетни веселби, “Хид Бах Шен Фест“, фестивал од огромно значење за нашата заедница и култура. Овој фестивал го симболизира мултикултурализмот како вредност. Фестивалот се одржува по повод празникот Х'дерелез, истиот е од традиционален карактер и во него ќе учествуваат културно уметнички друштва од нашата држава и Европа, претставувајќи ги сопствените културолошки и автохтони посебности.

-По повод Меѓународниот ден на жената учениците одржаа интерно предавање и работилница на тема „Највлијателните жени низ историјата“.Истражуваме и низ факти градиме став.
-Во рамките на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција на младите во образованието, а во соработка со Центарот за стручно образование и обука и Младинскиот образовен форум,нашето училиште во текот на учебната 2021/22 година реализираше ученички иницијативи за унапредување на демократската клима во училиштето. Преку нив се поттикнува ученичкиот активизам и се развиваат вештините на учениците за креативно размислување и изнаоѓање на решенија на предизвиците со кои се соочуваат.
- континуирана соработка на наставниците за професионални и други потреби поврзани со меѓуетничката интеграција на учениците со наставници од сопственото,но и од други училишта како и соработката со други училишта да се

интензивира со наставници кои изведуваат настава на друг наставен јазик;

-Соработка со родителите од други училишта,општини,родителите од различни етнички заедници застапени во училиштето заеднички да учествуваат во активностите на учениците и во работата на училишните тела.

Валандово  Координатор на МИО тим
28.06. 2022  М.Стојанова

## 26. Извештај од работата на ЕКО-одбор при училиштето за учебната 2021/2022

Учениците и вработените ги почитуваат упатствата за одржување на зградата, ~~и~~ здрава средина во училиштето, ~~и~~ обезбедување на здрави услови за работење и престој во училиштето.
Области на спроведени активности на Еко одборот:

**Контрола на електрична енергија:**

- За 2% се зголемена сметките за електрична и топлинска енергија во споредба со претходната година. Извор: Споредба на сметки;

- Поставување на истакнати упатства за рационално користење на електрична и топлинска енергија, чисти ПВЦ прозорци;

**Контрола на потрошувачка на вода:**

- За 50% се намалени сметките за вода од претходната година;
- Сите чешми се нови и санирани;
- Поставување на кап-по-кап во училишниот двор (проект Вертикални градини)

**Хортикултурни активности:**

- Во склоп на училиштето имаме едукативна еко-мини градина (стаклена градина).Уреден е холот во училиштето со собни цвеќиња исто така засадени се локални цвеќиња, поставени клупи и корпи во училишниот двор, искосена трева, поставени цветни жардинери во училишниот двор, искастрени и уредени дрвја.

**Имплементација на еколошка интергрnative во наставата:**

- Со имплементација на еколошката едукација во наставата, учениците се информираат и едуцираат по сите предмети кој ги изучуваат, со активностите кој се предвидени со еколошкиот календар;
- Предметните наставници 30% ја имплеметираат еколошката интеграција во тематската програма. Извор: преглед на планирани и реализирани наставни содржини во дневниците
- Постоење на ученичка еко патрола,која ,во текот на учебна година секоја недела изготвуваат извешај за состобата во училиштето.

- Учениците својата еколошка свест ја изразуваат креативно со изработка на презентации, постери, флаери, рециклирање, учество на натпревари од обласа на животната средина. Континуирано се работи на обележување на деновите од еко календарот. Има склучено меморандум за соработка со локалната самоуправа и јавното комунално претпријате исто така има тесна соработка и со локалниот медиум медиумите(радио-Валандово );
- Распишан награден меѓународен конкурс за изработка на ликовни творби, поетски творби и видео презентации по повод Денот на планетата Земја – 22 Април. Промоцијата на поетските творби како и ликовна изложба по тој повод и видео презентациите на истите се направени на 4-ти Мај, патронниот празник на училиштето преку web страната на училиштето и fb на училиштето .

- **Спроведени акции: Учениците се вклучија во –Селектирај отпад, акцијата ја** спроведува ЈП Комунален сервис Валандово ,секој петок скенираа код и селектираната хартија и пластика ја стаава во посебно обележени вреќи со код.

- **Одбележување на деновите од еко календарот ,со соодветни активности од учениците**

**1. Дел од учениците од втора година и професорите Стојан Манолев –(кој одржа и предавање) Ангелина Занова и Милан Гугицев , учествуваа на меѓународна конференција по повот на светскоиот ден на планетата земја .Нашите ученици успешно се претставија со видео клип за заштита на водата .**

2.Собирање на метални, алкални батерии, во координација со ПАКО;

3. Собирање на друк вид на отпаден матерјал кој се рециклира и се наменува за trash fasihion –натпревар кој поради covid –пандемијата ќе се реализира во октомври .

- Компостирање на искосената трева од училишниот двор (поставување на компостер).
- Поставување на кап по кап во училишниот двор (Вертикални градини-проект)
- Учениците од IV година учествуваа на натпревар за заштита на вода организирана од upshift и добија грант од 120000 денари кој сретства ќе бидат наменети за искористување на бушотината за вода и поставување на системот кап по кап со цел заштита на водата за пиење за наводнување.

.

Извештајот е припремен од:

1. Ангелина Занова –еко координатор

2. м-р Стојан Манолев – претседател на Еко-одборот;

## 27. Прилози

**Успех на учениците по завршувањето на наставната година - јуни 2021/22 година**

| | Број на ученици | | | | | Општ успех | | | | | Недоволни | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Паралелки | | ученици | | одлични | Мн.добри | Добри | доволни | вкупно | во % | Со 1 недоволна | Со 2 недоволни | Повторува | Вкупно | во % | Класен испит | Среден успех |
| | М | Ж | Вк | | | | | | | | | | | | | |
| I- 1 ГИМ | 9 | 10 | **19** | 9 | 7 | 3 | 0 | **19** | 100,0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | | **4,26** |
| I-2 ЗЕМ | 7 | 6 | **13** | 0 | 4 | 5 | 4 | **13** | 100,0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | | **2,98** |
| I-3 МЕД | 2 | 3 | **5** | 5 | 0 | 0 | 0 | **5** | 100,0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **4,78** |
| I-4 МАШ | 16 | 0 | **16** | 3 | 6 | 5 | 2 | **16** | 100,0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **3,61** |
| **Стручно** | 25 | 9 | 34 | 8 | 10 | 10 | 6 | 34 | 100,0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | **3,79** |
| **ВК** | 34 | 19 | **53** | 17 | 17 | 13 | 6 | 53 | 100,0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **4,03** |
| II-1 | 9 | 8 | **17** | 5 | 4 | 4 | 4 | **17** | 100,0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **3,59** |
| II-2 | 7 | 7 | **14** | 5 | 5 | 3 | 1 | **14** | 100,0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **4,03** |
| **Гим** | 16 | 15 | **31** | 10 | 9 | 7 | 5 | **31** | 100,0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | | **3,81** |
| II-3 | 8 | 4 | **12** | 0 | 2 | 2 | 7 | **11** | 91,7 | 1 | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **2,52** |
| II-4 | 6 | 3 | **9** | 1 | 0 | 2 | 4 | **7** | 77,8 | 0 | 0 | 2 | **2** | 22,2 | 0 | **2,48** |
| **Зем** | 14 | 7 | **21** | 1 | 2 | 4 | 11 | **18** | 85,7 | 1 | 0 | 2 | **2** | 9,52 | 0 | **2,5** |
| **ВК** | 30 | 22 | **52** | 11 | 11 | 11 | 16 | **49** | 94,2 | 1 | 0 | 2 | **2** | 3,85 | 0 | **2,83** |
| III-1 | 2 | 8 | **10** | 2 | 3 | 3 | 2 | **10** | 100,0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **3,4** |
| III-2 | 1 | 8 | **9** | 2 | 2 | 4 | 1 | **9** | 100,0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **3,4** |
| **Гим** | 3 | 16 | **19** | 4 | 5 | 7 | 3 | **19** | 100,0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | | **3,4** |
| III-3 | 8 | 2 | **10** | 0 | 4 | 4 | 1 | **9** | 90,0 | 1 | 0 | 0 | **1** | 10 | 0 | **3,1** |
| III-4 | 7 | 2 | **9** | 3 | 1 | 3 | 0 | **7** | 77,8 | 0 | 0 | 1 | **1** | 11,1 | 1 | **3,56** |
| **Зем** | 15 | 4 | **19** | 3 | 5 | 7 | 1 | **16** | 84,2 | 1 | 0 | 1 | **2** | 10,5 | 1 | **3,33** |
| **ВК** | 18 | 20 | **38** | 7 | 10 | 14 | 4 | **35** | 92,1 | 1 | 0 | 1 | **2** | 5,26 | 1 | **3,35** |
| IV-1 | 4 | 11 | **15** | 6 | 3 | 2 | 3 | **14** | 93,3 | 1 | 0 | 0 | **1** | 6,67 | 0 | **3,7** |
| IV-2 | 4 | 10 | **14** | 9 | 5 | 0 | 0 | **14** | 100,0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **4,51** |
| **Гим** | 8 | 21 | **29** | 15 | 8 | 2 | 3 | **28** | 96,6 | 1 | 0 | 0 | **1** | 3,45 | | **4,11** |
| IV-3 | 2 | 7 | **9** | 4 | 1 | 3 | 1 | **9** | 100,0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | | **3,78** |
| IV-4 | 10 | 3 | **13** | 1 | 6 | 4 | 0 | **11** | 84,6 | 2 | 0 | 0 | **0** | 0 | | **3,6** |

| | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Зем** | 12 | 10 | **22** | 5 | 7 | 7 | 1 | **20** | 90,9 | 2 | 0 | 0 | **0** | 0 | | **3,69** |
| **Вк** | 20 | 31 | **51** | 20 | 15 | 9 | 4 | **48** | 94,1 | 3 | 0 | 0 | **1** | 1,96 | | **3,79** |
| **Зем** | 48 | 27 | 75 | 9 | 18 | 23 | 17 | 67 | 89,3 | 4 | 0 | 3 | 4 | 5,33 | 1 | **3,15** |
| **Мед** | 2 | 3 | **5** | 5 | 0 | 0 | 0 | **5** | 100,0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | | **4,78** |
| **Маш** | 16 | 0 | **16** | 3 | 6 | 5 | 2 | **16** | 100,0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | | **3,61** |
| **Гим** | **36** | **62** | **98** | 38 | 29 | 19 | 11 | 97 | 99,0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1,02 | | 3,84 |
| **СОУ** | **102** | **92** | **194** | 55 | 53 | 47 | 30 | **185** | 95,4 | 5 | 0 | 3 | **8** | 4,12 | 1 | 3,58 |

*30.08.2020 г.*
*Валандово*

*Директор*__________________________
/ /

*Претседател на УО* __________________________
/ /